Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 227, 1 март 2019 година

март 2019 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област гинекологија и акушерство, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца наставници во наставно-стручно звање виш лектор за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област материјална култура на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................ 24

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област етномузикологија на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................ 34

**РЕФЕРАТ** за доделување звање почесен доктор од областа на музичката уметност на господин Васил Хаџиманов ........................ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Туристичка политика” од вон. проф. д-р Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Просторни концепти во културата” од вонр. проф. д-р Петар Намичев, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................ 53

**РЕЦЕНЗИЈА** на практикумот со наслов „Надворешна трговија” од доц. д-р Емилија Митева-Кацарски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................ 56

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по судска медицина” од насловен доц. д-р Наташа Давчева, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........................ 59

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........................ 61

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: доц. д-р Кирил Барбареев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип донесе Одлука број 2002-254/8 за распишување Конкурс за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент/вонреден професор за наставно-научнната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки.

На 9.11.2018 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2002-254/8 и Решение бр. 2002-254/28 (претседател), 2002-254/29 (член) и 2002-254/30 (член) за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во наставно-научно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки во следниов состав:

– д-р Глигор Димитров, вонреден професор за наставно-научната област гинекологија и акушерство, вработен во ПЗУ „Ремедика“ во Скопје - претседател;
– д-р Ѓорѓи Бабушку, редовен професор за наставно-научната област гинекологија и акушерство, вработен во ПЗУ „Ремедика“ во Скопје - член;
– д-р Милка Здравковска, редовен професор за наставно-научната област епидемиологија и медицинска статистика и информатика, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, на 25.10.2018 година, и во предвидениот рок се пријави кандидатот доц. д-р Зоранчо Петановски. Врз основа на приложената документација на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот доц. д-р Зоранчо Петановски е роден на 16 јули 1959 година во Битола. Основно и средно образование завршува во Битола. Во студиската 1978/1979 година се запишува на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Студиите ги завршува во 1984 година. Специјалистичкиот испит од областа гинекологија и акушерство го положува во 1993 година. Во 2013 година со одбрана на докторската дисертација се стекнува со звање доктор на медицински науки.

**Работно искуство**

Од 1988 до 2005 година е вработен во Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Чаир, каде што во периодот 1999 – 2005 година е раководител на Отсекот за асистирана репродукција, а 2003 – 2005 е назначен за помошник-директор на болницата.

Од 2005 година до денес е вработен во ПЗУ „Ремедика“ на место раководител на Одделението за гинекологија и акушерство во период 2005 – 2010 г., а раководител на Центарот за ин витро фертилизација од 2005 година до денес.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен вонреден професор:***

1. Избран е со звање доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука бр. 2502-99/15 од 24.4.2014 година, за наставно-научна област гинекологија и акушерство;

2. Има објавено потребен број на научноистражувачки трудови во соодветната област во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор или меѓународни научни списанија со импакт фактор;
3. Има објавено рецензиран практикум и рецензиран учебник во областа во којашто се избира;
4. Има објавено монографија од областа во којашто работи;
5. Постигнувања во примената на истражувачките резултати и способност за изведување на одделни видови високообразовна дејност.

Научните трудови со кои доц. д-р Зоранчо Петановски ги исполнува законските критериуми за избор во звање насловен вонреден професор се:

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во СЦИ/ЦА/ со импакт фактор во последните пет години:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | V Sotiroska, **Z Petanovski**, G Dimitrov, M Hadji-Lega, D Shushleski | The day of embryo transfer affects delivery rate, birth weights, female-to-male ratio, and monozygotic twin rate | Taiwanese Journal of Obstetrics and Gynecology 2015, 54 (6), 716-721 | ISSN 1028-4559 **IF = 1,029** Thomson Reuters, Master list, Web of scinence |
| 2 | **Z Petanovski**, G Dimitrov, MH Lega, D Shushleski, V Matevski | The impact of male smoking on intracytoplasmic sperm injection outcomes in In vitro fertilization procedures | Human Reproduction 2018, 33, 146-147 | ISSN 1460-2350 **IF = 5,020** Thomson Reuters, Master list, Web of scinence |
| 3 | C. Calhaz-Jorge et att. **Z. Petanovski** | Assisted reproductive technology in Europe, 2013: results generated from European registers by ESHRE | Human Reproduction. 2017, 32(10):1957–1973 | ISSN 1460-2350 **IF = 5,020** Thomson Reuters, Master list, Web of scinence |
| 4 | C De Geyter et att**.**, ***Petanovski* Z**. | *ART in Europe*, *2014*: results generated from *European* registries by ESHRE | Human Reproduction, 2018; Vol.33, No.9 pp. 1586–1601 | ISSN 1460-2350 **IF = 5,020** Thomson Reuters, Master list , Web of scinence |
| 5 | V Sotiroska, G Dimitrov, **Z Petanovski**, S Stojkovska | Influence of embryo transfer day on pregnancy outcomes: O-0003 Art And The Complications Of Pregnancy | Journal of Perinatal Medicine 2017, 45, 31 | ISSN 0300-5577 **IF = 1,558** Thomson Reuters, Master list, Web of scinence |

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | F. Shenfield et att. **Z.Petanovski** | Oocyte and ovarian tissue cryopreservation in European countries: statutory background, practice, storage and use; The ESHRE Working Group on Oocyte Cryopreservation in Europe | Human Reproduction Open, Oxford Academic - Oxford Journals<br><br>pp. 1–9, 2017 | ISSN 2399-3529 |

**Научноистражувачка дејност**

Во последните пет години кандидатот доц. д-р Зоранчо Петановски има објавено повеќе трудови со оригинални научни резултати во научни списанија со импакт фактор (фактор на влијание), како и во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор. Кандидатот има 41 цитат на своите студии во период 2013-2018 г., од кои со: h-index – 4 студии и i10-index – 3 студии.

Автор е на рецензирана монографија со наслов „Фактори кои влијаат врз резултатот од вонтелесното оплодување" – Универзитетски билтен бр.221, ноември 2018 год. и Одлука на Наставно-научен совет, бр. 2002-284/16 од 20.12.2018 год., Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот доц. д-р Зоранчо Петановски е вклучен во наставно-образовната дејност од 1997 година, кога е избран за асистент на Клиниката по гинекологија и акушерство при Медицинскиот факултет во Скопје.

На Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е избран за доцент за наставно-научната област гинекологија и акушерство со Одлука бр. 2502-99/15 од 24.4.2014 година. Во периодот по неговиот избор во звање доцен, учествува во наставно-образовниот процес / во едукација на студенти преку предавања на ФМН при УГД на I и III циклус студии.

Предмети од прв циклус студии – студиска програма за акушерки:

- Акушерство со превентива во акушерството;
- Бременост, породување, пуерпериум;
- Патолошки сосотојби во акушерството;
- Подготовка за породување, акушерски инструменти и опрема;
- Репродуктивно здравје и планирање на семејство;
- Исхрана во тек на бременост и лактација.

Предмети од трет циклус студии – Клиничка медицина:

- Ултразвук во гинекологијата;
- Репродуктивна ендокринологија и инфертилитет.

Кандидатот доц. д-р Зоранчо Петановски бил рецензент на повеќе трудови, ментор на дипломски трудови и специјализанти, како и член на комисија за одбрана на дипломски трудови и специјалистички испити од областа на гинекологија и акушерство:

- 5 пати е член на комисија за одбрана на дипломски труд;
- 3 пати е член на комисија за полагање на специјалистички испити по гинекологија и акушерство;
- ментор на 6 специјализанти од областа на гинекологија и акушерство;
- ментор на 3 студенти на високи стручни студии – акушерки;
- рецензент на 2 труда објавени во домашни списанија;
- рецензент на 5 труда за учество на конгреси на Европската асоцијација за хумана репродукција.

Кандидатот доц. д-р Зоранчо Петановски е автор на рецензирана скрипта со наслов „БРЕМЕНОСТ, ПОРОДУВАЊЕ И ПУЕРПЕРИУМ" од 2018 год. и рецензиран практикум „БРЕМЕНОСТ, ПОРОДУВАЊЕ И ПУЕРПЕРИУМ" од 2018 год.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност *(СА+ОР)***

Кандидатот во периодот на неговото долгогодишно работење во Специјалната болница за гинекологија и акушерство – Чаир во Скопје, согласно со политиката на болницата, го минува својот работен стаж низ одделите во истата. Во 1999 година е назначен за раководител на Одделот за асистирана репродукција. Во текот на целиот свој работен стаж во болницата активно учествува како во стручната така и во научната работа на одделението

и болницата во целост. Од 2003 до 2005 година доц. д-р Петановски ја извршува функцијата помошник-директор на Специјална болница за гинекологија и акушерство – Чаир.

Од 2005 година кандидатот преоѓа во ПЗУ „Ремедика", каде што го организира и е раководител на Одделението за гинекологија и акушерство. Учествува во стандардизацијата на Центарот за вонтелесно оплодување, кој е во склоп на ПЗУ „Ремедика". Во овој период активно учествува како поканет гостин на стручни предавања во земјава и надвор од неа, како и во стручно-популарни емисии и пишани медиуми. Член е на неколку стручни здруженија во земјава и надвор од неа.

Кандидатот во последниве пет години учествува на повеќе конгреси, семинари и работилници како поканет предавач:

- 2014 г. - Новости у хуманој репродукцији – Београд; реферат "Influence of BMI and female smoking on outcome of the IVF" – поканет предавач од страна на Удружење за хуману репродукцију Србије;
- 2015 - Новости у хуманој репродукцији – Београд; реферат "The impact of male smooking on reproduction" – поканет предавач од страна на Удружење за хуману репродукцију Србије;
- 2015 – 4th Macedonian Jan Donald Course – Advances in Ultrasound in Obstetrics, Gynecology and Neonatology – Скопје; реферат „Улога на ултразвукот во дијагностиката на инфертилитетот" – поканет предавач;
- 2016 - Новости у хуманој репродукцији – Београд; реферат „Клинички потенцијал рекомбинантних и уринарних гонадотропина у процесу ван телесне оплодње" – поканет предавач од страна на Удружење за хуману репродукцију Србије;
- 2016 – Мале тајне великих мастора у ИВФ – Меѓународен симпозиум со пет панел диксуии; Медицински факултет Нови Сад - поканет предавач;
- 2016 – VI Меѓународна школа „Jan Donald" - Медицинског ултразвука.
- Београдски дани репордукције – Београд, реферат „Животне навике и вантелесна оплодња";
- 2017 – 5th Macedonian Jan Donald Course – Advances in Ultrasound in Obstetrics, Gynecology and Neonatology – Скопје; реферат „The role of ultrasound in the diagnosis of infertility in every day practice" – поканет предавач;
- 2017 – MSRM Symposium „From gamets to offspring" - Будва. Реферат "The impact of BMI on reproduction", поканет предавач;
- 2018 – SPEBO MEDICAL – Симпозиум „Научна и практична примена у борби против стерилитета" – Лесковац, Република Србија - поканет предавач;
- 2018 - Новости у хуманој репродукцији – Београд; реферат „Дали окидање са GnRh-а и ниским дозама HCG-а (дуал тригер) у циклусима са антагонистима повечава успешност поступка?" – поканет предавач од страна на Удружење за хуману репродукцију Србије.

**Стручни престои и учество на семинари и работилници во земјава и во странство**

- 2015 – 4tth Macedonian Jan Donald Course – Advances in Ultrasound in Obstetrics, Gynecology and Neonatology – Скопје. Advanced course in Fetal Neurosonography;
- 2015 – The XIII Annual Meeting of the Mediterranean Society of Reproductive Medicine Ljubljana pre-congress course;
- 2016 – ESGE Course – LASTT/ SUTT – UGES и Медицински факултет Нови Сад;
- 2017 – 5tth Macedonian Jan Donald Course – Advances in Ultrasound in Obstetrics, Gynecology and Neonatology – Скопје; Advanced course in Fetal Neurosonography;
- 2016 – Office Hysteroscopy training workshop – Bio Litec, Olimpus, Nadezhda – Sofia;
- 2017 – Office Hysterscopy training workshop – Nadezhda – Sofia;
- 2017 – ESHRE Campus Symposium, Ljubljana – Reproductive medicine between science and commercialization.

**Учество во владини или универзитетски комисии и работни групи**

Комисии за стручен надзор (две учества), Министерство за здравство на Р Македонија, 2006-2010 година.

**Членство во стручни здруженија**

Здружение на гинеколози и опстетричари на Република Македонија (ЗГОМ).

Здружение за хумана репродуктивна медицина на Република Македонија (ЗХРМ) – член на претседателство.

European Society for Human Reproduction (ESHRE) член на Комитет на национални претставници.

**Публикации**

Кандидатот е автор на поглавја во четири книги издадени во странство во последниве пет години:

1. „Од гамета до фетуса". Уредник: проф. д-р Небојша Радуновиќ. Издавач: Нови Астакос и Удружење за хуману репродукцију Србије. Подготовка и печат: Санимекс Београд. ISBN 978-86-88525-11-4, 2014 год.
2. „Имплантација ембриона". Уредник: проф. д-р Небојша Радуновиќ. Издавач: Нови Астакос и Удружење за хуману репродукцију Србије. Подготовка и печат: Калиграф, Београд. ISBN 978-86-88525-13-8, 2015 год.
3. „Наших четврт века АРТ-а, куда даље". Уредник: проф. д-р Небојша Радуновиќ. Издавач: Нови Астакос и Удружење за хуману репродукцију Србије. Подготовка и печат: Санимекс Београд. ISBN 978-86-88525-15-2, 2016 год.
4. „Хумана репродукција и генетика – утицај на потомство". Уредник: проф. д-р Небојша Радуновиќ. Издавач: Нови Астакос и Удружење за хуману репродукцију Србије. Подготовка и печат: Санимекс Београд. ISBN 978-86-88525-16-9, 2018 год.

Доц. д-р Зоранчо Петановски има објавени 48 стручни/научни трудови, кои се рецензирани во следниве билтени на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје: бр. 671 од 12.11.1996 год.; бр.754 од 31.3.2000 год.; бр.820 од 31.1.2003 год. и во Универзитетски билтен на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип бр. 121, април 2014 година.

**Листа на трудови и евалуација на трудовите за изборот на доц. д-р Зоранчо Петановски (публикувани во последните 5 години)**

V Sotiroska, **Z Petanovski**, G Dimitrov, M Hadji-Lega, D Shushleski, .The day of embryo transfer affects delivery rate, birth weights, female-to-male ratio, and monozygotic twin rate, Taiwanese Journal of Obstetrics and Gynecology 2015, 54 (6), 716-721.

Цел на студијата: Компарација на репродуктивниот исход помеѓу CLEAVAGE STATE ембриони и бластоцисти во две групи на пациентки. Репродуктивниот капацитет кај жената се намалува со возраста. Намалувањето на рептодуктивниот капацитет е во директна релација со намалената оваријална резерва и грешки во мејотската делба кај ооцитот, којашто сама по себе ги зголемува шансите за хромозомски абнормалности и формирање на анеуплоидни ембриони кои имаат намалена шанса за имплантација.

Материјали и методи: Анализирани се вкупно 1400 циклуси со интрацитоплазматско инјектирање на сперма. Пациентите беа поделени на две возрасни групи. Група еден со под 36-годишна возраст и група два со 36-годишна возраст, понатаму поделени на подгрупи според ден на ембриотрансфер (ЕТ на трети ден и ЕТ на петти ден).

Заклучок: Студијата сугерира дека трансфер на бластоцисти кај повозрасни пациентки (над 36 години) е подобра опција и ги покачува шансите за имплантација и раѓање. Помладите пациентки под 36-годишна возраст треба да подлежат на елективен единечен бластоциста трансфер со што би се намалила стапката на мултипла бременост.

**Z Petanovski**, G Dimitrov, MH Lega, D Shushleski, V Matevski, The impact of male smoking on intracytoplasmic sperm injection outcomes in In vitro fertilization procedures HUMAN REPRODUCTION 2018, 33, 146-147. ISSN 1460-2350.

Пушењето кај машкиот партнер е во релација со негативен ефект врз базичните параметри на спермата како мобилност на сперматозоиди, виабилност, концентрација и морфологија.

Цел на студијата: Целта беше да се анализира ефектот на пушењето кај машкиот партнер во процес на ин витро фертилизација, каде што како метод на оплодување се користеше интрацитоплазматско вбризгување на сперматозоид. За оваа цел се ализираа 703 циклуси (не беа вклучени донорски циклуси). Детални информации за навиките за пушење посебно кај машкиот партнер беа споредени со медицински информации од исходите од ИВФ циклусите.

Резултат: Резултатот сугерираше дека машкото пушење негативно влијае на исходот од ИВФ циклусите, резултирајки со пониска стапка на клиничка бременост и раѓање. Студијата покажа дека и покрај употребата на интрацитоплазматско оплодување на ооцитот со сперматозоидот (со кој се надминува класичната постапка, каде што сперматозоидот не може да пенетрира во ооцитот), машкото пушење прави и ембриони со лош квалитет.

1. C. Calhaz-Jorge et att. **Z. Petanovski**. Assisted reproductive technology in Europe, 2013: results generated from European registers by ESHRE; Human Reproduction. 2017, 32(10):1957–1973, ISSN 1460-2350.

Цел на студијата: Дали има некои промени во третманот кој вклучува АРТ и ИУИ во европски центри за време на 2013 година споредено со претходните години?

Резултат: Вкупото зголемување на бројот на АРТ циклуси е резултат на зголемената бројка на држави коишто даваат податоци за истите. Стапката на бременост во 2013 година остана стабилна во компарација со бројките од 2012 година. Бројот на ембриотрансфери со повеќе ембриони (над 3) е намален, иако стапката на раѓање на близнаци остана непроменета и ИУИ активност и успех беа слични како тие од минатите години.

Материјали и мероди: Собирани од вкупно 38 земји (плус 4 земји во споредба со 2012 година),1169 клиники, 686271 циклуси кои вклучиле 144299 на ИВФ, 330367 ИКСИ,154712 ембриотрансфер на замрзнати ооцити, 40 244 донации на ооцити, 247 ИВМ, 9791 ПГД/ПГС и 6611 размена на замрзнати ооцити.

Беа вклучени и вкупна бројка од 175467 интраутерини инсеминации со материјал од машкиот партнер и 43785 интраутерини инсеминации со донорски машки материјал од 1095 ИВФ центри.

Резултати и улога на промените: во 17 земји каде што сите клиники дале податоци за нивните АИР циклуси, вкупна бројка од 374177 циклуси е извршена на популација од околу 310 милиони жители која што кореспондира со 1175 циклуси на еден милион жители.

2. C De Geyter et att**.**, ***Petanovski*** **Z**, *ART in Europe*, *2014*: results generated from *European* registries by ESHRE .Human Reproduction, 2018; Vol.33, No.9 pp. 1586–1601, ISSN 1460-2350.

Цел: Кои се трендовите во Европа и развојот на АРТ и ИУИ циклусите во 2014 година споредени со другите години?

Резултати: ОсумнаесеттиотESCHRE извештај покажува континуирана експанзија на двата третмани во Европа и повеќе варијабилности во модалитет на третман давајќи зголемување на стапката на раѓања во земјите кои учествувале.

Користени се податоци за циклуси во 2014 година, од 1 јануари до 31 декември во 39 земји и 1279 институции коишто нудат АРТ услуги. Вкупна бројка на 776556 циклуси, 146148 ИВФ циклуси, 362285 ИКСИ циклуси, 192027 ембриотрансфер на замрзнати ембриони,15894 со ПЦД циклуси, 56516 со донација на ооцити, 292 со ИВМ и 3404 со замрзната замена на ооцити. ИУИ со користење на семен материјал од машкиот партнер е во 120789 циклуси и донорски семен материјал во 49163 циклуси, во вкупно 1364 институции во 26 земји.

Резултати: Во 14 земји (17 земји во 2013 година), каде што сите институции дале придонес во обезбедување податоци за националниот регистар, вкупна бројка од 291235

циклуси биле изведени на популација од 208 милиони жители, одговарајќи на 1925 циклуси на еден милион жители. По ИВФ третман стапката на клиничка бременост по аспирација и по трансфер била повисока во однос на 2013 година, со 29,9 и 35,8% и 29,6 со 34,5%.

V. Sotiroska, G Dimitrov, **Z Petanovski**, S Stojkovska,. Influence of embryo transfer day on pregnancy outcomes: O-0003 Art And The Complications Of Pregnancy. Journal of Perinatal Medicine 2017, 45, 31.

Во студијата авторите на овој труд ја компарираат стапката на бременост кај ембриотрансфер во развој и во стадиум на бластоциста. Не е најдена сигнификантна различност во поглед на компликациите во бременоста кај двете групи. Како заклучок самп ембрионите со одличен квалитет по одреден скоринг систем донесуваат разлика во поглед на стапката на бременост. Секако дека трансфер на квалитетни бластоцисти ја покачува и стапката на бременост.

3. F. Shenfield et att., **Z. Petanovski**, Oocyte and ovarian tissue cryopreservation in European countries: statutory background, practice, storage and use; The ESHRE Working Group on Oocyte Cryopreservation in Europe, Human Reproduction Open, pp. 1–9, 2017

Цел на студијата: Што се знае во Европа за криопрезервација на ооцити, историја на постапката, индикации (медицински и немедицински), финансии и специфичен број на потребни циклуси? Законите и регулаторните правила за ооцит криопрезервација многу варираат од земја во земја низ Европа. Малку повеќе од половина од земјите нудат ооцит криопрезервација за медицински индикации за коишто финансии обезбедува државата, но во ниту една земја не се финансира криопрезервација од немедицински индикации.

Податоци се собирале помеѓу јануари и септември 2015 година. За оваа студија биле користени специјално дизајнирани прашалници кои содржеле информации за процедурата, национална политика, индикации, критериуми, начин на чување и употреба на криопрезервираните ооцити и оваријално ткиво.

Резултати: Од вкупно 34 члена, се доби одговор од 27, каде што 17 земји дадоа податок за криопрезервација на ооцити, а 12 земји податоци за криопрезервација на оваријално ткиво. Вкупен број од 34705 циклуси за криопрезервација на оваријално ткиво биле анализирани во период од 5 години. Но прецизна анализа и податоци се добиени од 2013 година, бидејќи била најкомплетна. Во 2013 година имало вкупен број на 9126 аспирации во процес на криопрезервација на оваријално ткиво во вкупно 16 земји.

**ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ**

По разгледувањето на поднесената документација и изнесените податоци во овој извештај, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата смета дека кандидатот доц. д-р Зоранчо Петановски поседува стручни и наставно-научни квалитети, исполнувајќи ги притоа условите за избор на наставник во наставно-научно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област гинекологија и акушерство.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го избере доцент д-р Зоранчо Петановски во звањето насловен вонреден професор во наставно-научната област гинекологија и акушерство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Глигор Димитров, вонреден професор, претстедател, с.р.**
**Д-р Ѓорѓи Бабушку, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Милка Здравковска, редовен професор член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ НА Д-Р ЗОРАНЧО ПЕТАНОВСКИ**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 2 | Избор во звање асистент | 15 |
| 4 | Избор во звање доцент | 30 |
| | **Вкупно поени** | **45** |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени во земјава | Поени во странство |
|---|---|---|---|
| 1 | Монографија или научна книга 1 x 1 | 10 | |
| 3 | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Прв автор – труд со реден бр 2. (1x15 = 15 бода)<br>Втор автор - труд со реден бр 1.(1x10 = 10 бода)<br>Останати автори - труд со реден бр. 3, 4 и 5<br>(3 x 5 = 15 бода) | 40 | |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори).<br>Останати автори - труд со реден бр. 6<br>(1 x 3 = 3 бода) | 3 | |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал. Во странство: 2x2 | | 4 |
| 22 | Студиски престој во странство | 8 | |
| 23 | Рецензент на научен труд<br>(СЦИ/ЦА/останати), 5x1 | 5 | |
| | **Вкупно поени** | **70** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени во земјава | Поени во странство |
|---|---|---|---|
| 1 | Книга 2x10 | 10 | |
| 2 | Поглавје од книга 4x7 | | 28 |
| 5 | Труд во стручно (научно-популарно) списание<br>10x2 | 20 | |
| 7 | Пленарно предавање на стручен собир<br>Во странство 10 x 4 | | 40 |
| | **Вкупно поени** | **98** | |

| | |
|---|---|
| **Вкупно поени НО + НИ+ САОР (45+70+98)** | **183** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА НАСТАВНИЦИ ВО НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-229/5 од 19.12.2018 година, донесена на 185. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 19.12.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на двајца наставници во наставно-стручно звање *виш лектор* за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип во следниов состав:

- проф. д-р Марија Кусевска (претседател), вонреден професор од наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- проф. д-р Нина Даскаловска (член), вонреден професор од наставно-научната област методика на наставата по англиски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- м-р Снежана Кирова (член), виш лектор од наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија" и „Коха" на 8.12.2018 година и во предвидениот рок се пријавија:

1. Наталија Поп Зариева, лектор на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и
2. Марија Крстева, лектор на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***1. М-р Наталија Поп Зариева***

***Биографски податоци***

Кандидатката м-р Наталија Поп Зариева е родена на 1 јуни 1973 година во Кочани. Средно образование завршува во гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје. Во 1996 година завршува додипломски студии на Филолошки факултет „Блаже Конески" при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, на Групата за англиски јазик и книжевност при Катедрата за англиски јазик и книжевност со просек 8.00 и се стекнува со стручен назив дипломиран професор по англиски јазик и книжевност. Своето понатамошно усовршување го продолжува на двегодишните постдипломски студии со специјалност англиска филологија, насока Превод и современа англиска литература на Универзитет „Неофит Рилски" во Благоевград, Бугарија. По положувањето на сите испити предвидени со програмата за постдипломски студии, со просечна оценка 9.50, на 12 јануари 2011 година успешно го брани магистерскиот труд со наслов „Ethical issues in *The Pearl* by John Stainbeck" и се стекнува со академски степен магистер по англиска филологија. Во 2014 година се запишува на трет циклус-докторски студии на докторската школа при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање виш лектор***

1. М-р Наталија Поп Зариева има завршено прв и втор циклус студии во областа во која се бира - наставник во наставно-стручно звање *виш лектор* за научната област *англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Ги завршила студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (осум просечна вредност - нејзиниот просек на оцените од прв циклус студии е 8, а од втор циклус студии 9,50).
3. Поминала најмалку еден мандат како лектор (2015-2018 г. на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип).
4. Има објавено научни и најмалку пет стручни трудови (подолу следи нивна евалуација).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Поп Зариева, Н. и Илиев, К. | *Comparative Linguistic Analysis of Russhion and English Proverbs and Sayings* | Palimpsest Vol 1 No 2 | од 2016 |
| 2 | Илиев, К. и Поп Зариева, Н. | Thematic and Textual Comparison of the Tragedies “Hamlet” by William Shakespeare and “Antigone” by Sophocles | ФИЛКО - Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование | од 2016 |
| 3 | Поп Зариева, Н. и Илиев, К. | The Byronic Hero: Emergence, Issues and Definition of his Progenies | ФИЛКО - Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование | од 2016 |
| 4 | Поп Зариева, Н. и Илиев, К. | The Contribution of the film “Dracula Untold” to the evolution of Bram Stoker’s Dracula: A comparative analysis of the protagonists | Филко - Зборник на трудови од Втора меѓународна научна конференција | од 2016 |
| 5 | Поп Зариева, Н. и Илиев, К. И Донев, Д. | Mary Shelley’s “Frankenstein” and Byron. pp. 29-34. ISSN 1857-7059 | Годишен зборник на Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11) | од 2010 |
| 6 | Донев, Драган и Илиев, Крсте и Поп Зариева, Наталија | Културолошки импликации во изучувањето на деловен англиски како странски јазик и неговата културолошки импликации во изучувањето | Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД- Штип, 9 (11) | од 2010 |

5. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

Кандидатката м-р Наталија Поп Зариева има завршено втор циклус студии од научната област наука за јазик – англистика, има долгогодишно работно искуство во наставно-образовната дејност и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање виш лектор.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во периодот 1995 – 1996 г. работи како професор по англиски јазик во ДЕМАУ „Гошо Викентиев“ - Кочани. Од 1999 до 2012 г. работи како наставник по англиски јазик во ОУ „Св.Кирил и Методиј“ - Кочани. Во 2012 година, врз основа на јавен конкурс, м-р Наталија Поп Зариева е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во областа англистика („Универзитетски билтен“ бр.92, ноември 2012 г.), а со Одлука бр. 1902-117/10 од 6.7.2015 г. на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет („Универзитетски билтен“ бр.149, јуни 2015 г.) избрана е за лектор на истиот факултет и е постојано активна во наставно-научниот процес, во научноистражувачката дејност, како и во стручно-апликативната дејност.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатката се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката е ангажирана на Групата за англиски јазик и книжевност за реализација на вежбите по следните предмети: Современ англиски јазик 1, Современ англиски јазик 2, Современ англиски јазик 3 (лекторски вежби), Современ англиски јазик 4 (лекторски вежби).

Кандидатката се покажа како солиден и исполнителен соработник и во изведувањето на вежби по предметот Англиски јазик А.2.1 и Англииски јазик А.2.2 како странски јазик на нематичните факултети во рамките на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на Технолошко-технички факултет, Факултет за туризам и бизнис логистика и Машински факултет. Во овој период м-р Наталија Поп Зариева одржува вежби по горенаведените предмети, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор.

Покрај обврските поврзани со вежбите по наведените предмети, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Групата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

М-р Наталија Поп Зариева важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за целиот период од изборот на кандидатката м-р Наталија Поп Зариева во наставно-стручно звање *лектор:*

1. Наталија Поп Зариева, Крсте Илиев (2015) *Влијанието на интернетот врз јазичната култура, когнитивниот и академскиот развој на пладите*. Годишен зборник - Филолошки факултет, УГД - Штип, 6 (6). pp. 39-46. ISSN 1857-7059.

Овој труд ја разгледува проблематиката на влијанието на интернетот, особено социјалните мрежи врз младите луѓе, нивниот правилен развој и интернет опасностите кои ги демнат и ја загрозуваат нивната физичка и психичка безбедност. Трудот се повикува на современи научни истражувања во светот кои укажуваат на релевантноста на проблемот, но воедно нудат решенија. Еден од основните чекори е информирање и едукација на родителите како да обезбедат безбедна интернет околина за нивното дете. Понатаму се разгледува влијанието на интернетот на јазикот, како мајчиниот така и англискиот јазик како интернационален и најзастапен на интернет; последиците од тоа влијание на когнитивниот и академскиот развој на идните генерации кои сега растат со интернет од својата втора година.

2. Крсте Илиев, Наталија Поп Зариева, (2015) *Искушението и спасението на Сер Гавејн и Зелениот витез*. Зборник на Филолошки факултет, УГД, 6 (6). pp. 191-196. ISSN 1857-7059.

Овој труд ја анализира романсата *Сер Гавејн и Зелениот витез* е дел од таканаречениот Артурски циклус. Како дел од овој циклус, оваа романса поседува карактеристични епски особини, односно херојска потрага. Како таков ги истражува принципите на витештвото, односно: дуел, чест, искреност. Поради поврзаноста на витештвото со христијанство

ги испитува принципите на искушение, грев и милост. Поради последново, овој труд се обиде да направи паралела помеѓу потрагата по христијанско спасение во оваа романса и Библијата.

3. Natalija Pop Zarieva, Krste Iliev (2016) *Comparative Linguistic Analysis of Russhion and English Proverbs and Sayings*. Palimpsest Vol 1 No 2 (2016): PALIMPSEST

Изреките се сметаат за културно наследство, кое со векови циркулира низ светот. Како такви, тие претставуваат драгоцено наследство од претходните генерации. Овој труд ги анализира посебните карактеристики на некои од најистакнатите поговорки во рускиот и во англискиот јазик достапни во соодветна лингвистичка литература. Главната цел на овој труд е да истражи дали поговорките избрани за ова проучување во двата јазика имаат слични или различни карактеристики. Со употреба на компаративен метод, трудот прави лингвистичка анализа на поговорките со цел да ги идентификува нивните граматички и семантички маркери, како и постоењето на фонетски процеси во англискиот и рускиот јазик. Трудот покажува дека иако англискиот и рускиот јазик се класифицирани во различни јазичните групи, германската и словенската, нивниот заеднички корен - индоевропското семејно и културно наследство, создал слични и еквивалентни начини на изразување. Ова го потврдува ставот на Мартваго за постоење на аналогни поговорки во двата јазика како резултат на универзално човечко искуство и деривациски процеси кои настанале во текот на заеднички културни и историски патишта.

4. Iliev, Krste and Pop Zarieva, Natalija (2016) *Thematic and Textual Comparison of the Tragedies “Hamlet” by William Shakespeare and “Antigone” by Sophocles*. ФИЛКО - Зборник на трудови од Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование, 1 (1). pp. 275-283. ISSN 978-608-244-308-9

Овој труд претставува идејна и текстуална споредба на две од најпознатите трагедии од златните доба во Англија и во Грција. Златната доба на Елизабета I и Златната доба на Перикле. И двете трагедии ги содржат вредностите на двете цивилизации во нивниот врв. Двете трагедии изобилуваат со повеќеслојност. Хамлет е принц, син, љубовник, поет, филозоф, мечувалец, самоубиец. Антигона е принцеза, сестра, вереница, одметник, самоубиец. Ренесансата ги приближила достигнувањата на античка Грција и Рим до Англија во времето на Шекпир. Оттаму и одредени сличности помеѓу двете трагедии.

5. Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste (2016) *The Byronic Hero: Emergence, Issues and Definition of his Progenies*. Филко, Зборник на трудови, 1 (1). pp. 741-747.

Во фокусот на овој труд е делото на Лорд Гордон Бајрон, поконкретно создавањето на идејата за Бајроновиот херој. Овој труд ја дефинира идејата за Бајроновиот херој која се појавила во периодот кога Бајрон ги создавал своите дела и сѐ уште продолжува да се обликува од страна на литературните критичари. Иако поголемиот дел од книжевните научници се согласуваат со фактот дека првиот книжевен Бајронов херој бил Бајроновиот Чајлд Харолд, протагонистот во епската поема „Странствувањата на Чајлд Харолд“, сепак многумина го сметаат Лорд Бајрон за првиот Бајронов херој. Прашањата што во стожерот на оваа дискусија за Бајроновиот херој се: Како може да се дефинира фразата Бајронов херој? Кои се карактеристиките на Бајроновиот херој? Во колкава мера личноста на Бајрон придонела да се создаде овој архетип? Трудот, исто така, упатува на други книжевни примери на Бајроновиот херој од 19 век наваму, а воедно претставува наследници на Бајроновиот херој во современата популарна култура.

6. Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste (2017) *The Contribution of the film “Dracula Untold” to the evolution of Bram Stoker’s Dracula: A comparative analysis of the protagonists*. Филко/ Filko Зборник на трудови од втора меѓународна научна конференција.

„Fragment of a Novel“, незавршениот роман на Лорд Бајрон претставува еден од првите англиски книжевни дела кој се заснова на вампирска тема. Делото останало недовршено, но послужило како почетна точка за Џон Полидори, неговиот лекар и пријател, да го создаде романот „The Vampyre“. Романот „Dracula“ на Брам Стокер е заснован на романот „The Vampyre“ на Полидори и се смета дека претставува „најголем и највлијателен роман за вампири што некогаш бил напишан” (Фрост, 1989, стр.52). Овој труд прави критичка анализа на еволуцијата на протагонистот и открива како и колку ликот во филмот „Dracula“ Untold се оддалечил од легендарниот Dracula на Брам Стокер. Заклучоците се засноваат на

видот на отстапување и трансформација во поглед на претставувањето на овие ликови во романот и во филмот.

7. Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste and Donev, Dragan (2018) *Mary Shelley's "Frankenstein" and Byron*. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11). pp. 29-34. ISSN 1857-7059

Овој труд ги разгледува различните влијанија врз младата Мери Шели во создавањето на познатиот „Франкенштајн". Ликовите и карактеризацијата во романот на Шели ги одразуваат влијанијата на идеите и чувствата на неколку личности. Овие влијанија ги вклучуваат „Изгубениот рај" и „Митот за Прометеј", за кои е познато дека младата Мери Шели Марија ги прочитала пред создавањето на „Франкенштајн". Алегоричниот состав на романот овозможува да се идентификуваат сите овие влијанија. Сепак, овој труд укажува на тоа дека главниот поттик на романот лежи во влијанијата на Перси Шели и Лорд Бајрон. Личностите и поезијата на двајцата поети може да се пронајдат рефлектирани во карактеризацијата на „Франкенштајн", но овој труд главно се фокусира на влијанието на Бајрон.

8. Донев, Драган и Илиев, Крсте и Поп Зариева, Наталија (2018) *Културолошки импликации во изучувањето на деловен англиски како странски јазик и неговата културолошки импликации во изучувањето*. Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 9 (11). pp. 77-81. ISSN 1857-7059

Културолошките аспекти сè почесто се во фокусот на истражувањата поврзани со наставата по англиски како странски јазик. Во овој труд авторите се обидуваат на кратко да дадат преглед на ставовите од еминентни истражувачи од оваа област изнесени во нивни трудови на оваа тематика, како и влијанието на културолошките аспекти во изучувањето на англискиот како странски јазик и нивното влијание во комуникацијата во меѓународниот глобализиран контекст. Притоа ја анализираат улогата што културата ја има во општествените ситуации на современиот живот. Се презентираат мислењата на повеќе автори, како и нивни сознанија, откритија и предлози во однос на потребата од акцентот врз културните особини како важен аспект во изучувањето на англискиот како странски јазик во време на глобализацијата на современиот живот. Трудот се фокусира на англискиот како лингва франка во меѓукултурни контакти.

Kukubajska, Marija Emilija and Iliev, Krste and Pop Zarieva, Natalija (2015) *Англиска литература 2: 16-18 век*. ISBN 978-608-244-274-7.

Скриптата претставува оригинален наставен материјал за спроведување на настава спрема теми и проблеми во огромниот опус на англиската литература во периодот од 16 до 18 век. При изработка на скриптата „Англиска литература 2:

16-18 век", авторите ги имале предвид следните цели за студентите: суштински да го совладаат предаваниот материјал преку анализа на делата со споредбен метод, во контекст на општествен, историски, културолошки, филозофски, економски и уметнички дисциплини од филозофија, историја, социо-култура и уметност. Материјалот во скриптата ќе им помогне на студентите да ги проучуваат сложените книжевни и културни теми и проблеми на ренесансната поезија, проза и драма низ авторите Филип Сидни, Едмунд Спенсер, Кристофер Марло, Вилијам Шекспир, БенЏонсон и Метафизичарите, Франсис Бејкон и Томас Мор; литературата во периодот на реставрацијата и Џон Милтон, како и литературата од 18 век преку делата на Александар Поуп, Даниел Дефо и Џонатан Свифт.

Сите овие активности укажуваат на успешноста на кандидатката Наталија Поп Зариева во наставно-педагошката и научноистражувачката дејност.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај објавените стручни трудови, кандидатката има учествувано со усна презентација на неколку меѓународни и стручни конференции во земјава и во странство, како и учество на проекти:

1. Илиев, Крсте и Поп Зариева, Наталија (2016) *Thematic and Textual Comparison of the Tragedies "Hamlet" by William Shakespeare and "Antigone" by Sophocles*. ФИЛКО-Прва меѓународна научна конференција за филологија, култура и образование.

2. Поп Зариева, Наталија и Илиев, Крсте (2016) *The Byronic Hero: Emergence, Issues and Definition of his Progenies*. Филко – Прва меѓународна конференција за филологија, култура и образование, 18-19 март 2016 год.
3. Учество во Проектот „Ментор“ (2016), кој заедно го спроведуваат Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Преведувачкото биро „ПСД“ од Словенија, во која претставници на словенечкото претпријатие ќе држат обуки за студентите од УГД за применување на најсовремените алатки за преведување, а истовремено преку тестови ќе бидат избрани и најдобрите преведувачи кои ќе можат да добијат можност и да работат за ПСД од Словенија;
4. Учество во проект: Kusevska, Marija and Ivanovska, Biljana and Daskalovska, Nina and Leontik, Marija and Donev, Dragan and Pop Zarieva, Natalija and Iliev, Krste and Tasevska, Marica (2018) Развивање на меѓукултурните прагматички истражувања и истражувањата на прагматиката на меѓујазикот и нивно поврзување со практиката.
5. Учество во проект: Даскаловска, Нина и Ивановска, Билјана и Леонтиќ, Марија и Поп Зариева, Наталија и Крстева, Марија и Тодорова, Марија и Тасевска, Марица (2018) Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет;
6. Учество во комисии за спроведување на завршни испити на Филолошкиот факултет;
7. Членување во уписна комисија за изведување уписи на нови студенти на УГД;
8. Учество на семинарот на Нешанал Џиографик (National Geographic) (мај 2017).

Покрај овие активности, Наталија Поп Зариева активно учествува и во организациските активности на Филолошкиот факултет:

- Учество во организациски одбор на Филко - Прва меѓународна конференција за филологија, култура и образование, 2016 год., Филолошки факултет, УГД, Штип.
- Учество на обука Standardised Assessement Training, 28 ноември - 2 декември 2016 год., Британски совет, Скопје;
- Учество во организација на Конкурс за најдобар есеј/цртеж, организиран од Филолошки факултет, февруари-април 2018;
- Учество во изработка на Монографија на Филолошки факултет, УГД- Штип, јуни-октомври 2018 год.

***2. М-р Марија Крстева***

***Биографски податоци***

Кандидатката м-р Марија Крстева е родена на 7 јуни 1986 година во Кочани. Средно гимназиско образование завршува во ДСУ „Љупчо Сантов“ во Кочани. Во 2005 година се запишува на додипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Групата за англиски јазик и книжевност, на насоката за толкување и насоката за преведување при истата катедра. Студиите ги завршува во јуни 2009 година со мошне висок просек од 9,28 и се стекнува со стручен назив дипломиран филолог - толкувач од англиски јазик на македонски и обратно. Истата година, во септември 2009 година, Марија Крстева заминува на двегодишни интердисциплинарни постдипломски студии по американски студии и трансатлантски односи на Софискиот универзитет „Св. Климент Охриски” во Бугарија, како стипендист на Европската Унија. Марија Крстева ги положува предвидените испити на постдипломската програма (вкупно 21), со просечна оцена 5,95 според системот на оценување во Република Бугарија, што соодветствува на просечна оценка 9,94 на системот за оценување во Република Македонија. Во 2011 година го брани својот магистерски труд на тема „*Родови и семејни односи во Северна и Јужна Америка преку примери од уметноста*“ под менторство на проф. д-р Јулија Стефанова. За време на магистерските студии Марија Крстева посетува летен институт во Банско, организиран од Комисијата Фулбрајт во Бугарија, со студиска посета на Американскиот универзитет во Благоевград, Бугарија. Во 2014 год. кандидатката се запишува на докторски студии на Факултетот за класична и нова филологија на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски” во Софија, Бугарија. За време на нејзината научно-

образовна дејност, Марија Крстева остварува неколку значајни студиски посети. Во јануари и февруари 2014 година Крстева престојува на Катедрата за англоамерикански студии на Универзитетот „Павол Јозеф Сафарик” во Кошице, Словачка, како стипендист на словачката влада. Таму таа остварува значајни контакти со тамошните колеги и стекнува меѓународно искуство во начинот на работа и научно истражување, додека врши подготовки за нејзините докторски студии. Во септември 2014 година таа заминува на едномесечен студиски престој во Софија, каде што работи на сопствен материјал и присуствува на лекции од меѓународни предавачи, гости на Софискиот универзитет.

Уште како студент, во 2007 година за време на летниот период, Марија Крстева почнува да работи како наставник, преведувач и толкувач во приватното училиште за англиски јазик „Golden Gate“ во Кочани. Во 2009 година работи како наставник по деловен англиски јазик на возрасни во училиштето за странски јазици „Challenge“ во Скопје. Од февруари до јуни 2012 година Марија Крстева работи како надворешен сорабтник на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факулет „Блаже Конески” во Скопје. Од март 2012 до јули 2012 година, работи како надворешен соработник на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Катедра за англиски јазик и книжевност каде што предава постсовремен британски роман во четврта година и на Факултетот за информатика, каде што предава деловен англиски јазик. Во 2012 година, врз основа на јавен конкурс, м-р Марија Крстева е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во областа англистика (Одлука бр.2402-209/3 од 5.12.2012) и е постојано активна во наставно-научниот процес, во научноистражувачката дејност, како и во стручно-апликативната дејност. Својата кариера таа ја продолжува како лектор на истиот факултет од 2015 г. (Одлука бр. 1902-117/11 од 6.7.2015).

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање виш лектор***

1. М-р Марија Крстева има завршено прв циклус студии од наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и втор циклус интердисциплинарни студии од областа американистика и трансатлански односи на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Софија, Бугарија.
2. Ги завршила студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (нејзиниот просек на оцените од прв циклус студии е 9,28, а од втор циклус студии 5,95 според системот на оценување во Република Бугарија, што соодветствува на просечна оценка 9,94 на системот за оценување во Република Македонија).
3. Поминала најмалку еден мандат како лектор (2015-2018 г. на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип).
4. Има објавени научни и најмалку пет стручни трудови (подолу следи нивна евалуација).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Крстева Марија; Донев, Драган и Илиев, Крсте | New Media Content – Meme | Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип. ISSN 1857 – 7059 | од 2010 |
| 2. | Крстева, Марија | Fact vs. Fiction: The Doubling of the Biographical Self in Biofictins about F. Scott Fitzgerald and Ernest Hemingway | Conference proceedings, Second International Scientific Conference “Filko” - Philology, Culture and Education. pp. 271-277. ISBN 978-608-244-469-7 | од 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Донев, Драган и Крстева, Марија | Перцепција на студентите за сопствените проблеми при читање англиски текстови | Годишен зборник 2017 - Филолошки факултет, УГД - Штип. ISSN 1857-7059 | од 2010 |
| 4. | Крстева, Марија | Intertextual references to J. Conrad's novella Heart of Darkness in F. F. Coppola's film Apocalypse Now | Меѓународна научна конференција „Климентовото Дело“. pp. 161-167 ISBN 978-608-244-404-8 | од 2018 |
| 5. | Крстева, Марија | Biographical fictions about the great American authors F.Scott Fitzgerald and Ernest Hemingway | Conference proceedings, First International Scientific Conference "Filko" - Philology, Culture and Education. pp. 439-448. ISSN 978-608-244-308-9 | од 2016 |
| 6. | Крстева, Марија | Biofictions as part of contemporary fiction | XII-а конференция на нехабилитираните преподаватели и докторанти от Факултета по класически и нови филологии, 15 May 2015, Sofia, Bulgaria. ISSN C633-2943. - Бр. 3 (2015). | од 2004 |
| 7. | Крстева, Марија и Донев, Драган | Тематските преокупации во „Долга црнечка песна“ | Годишен зборник 2015 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 6. ISSN 1857-7059 | од 2010 |

5. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите на својата дисциплина и има практично искуство во наставната работа.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во 2012 година, врз основа на јавен конкурс, м-р Марија Крстева е избрана во наставно-научно звање помлад асистент на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, во областа англистика, и е постојано активна во наставно-научниот процес, во научноистражувачката дејност, како и во стручно-апликативната дејност. Својата кариера таа ја продолжува како лектор на истиот факултет од 2015 г.

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филолошки факултет кандидатката се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини на комуникација, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката се покажа како солиден и исполнителен соработник и во изведувањето на лекторските вежби по предметите: Современ англиски јазик 1, 2, 3 и 4. Истовремено таа беше ангажирина и на нематичните факултети во рамките на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, за реализација на предметите Деловен англиски јазик 1, 2 и 3 на Економскиот факулет, Англиски јазик 1, 2, 3 и 4 на Факултететот за туризам и бизнис логистика, Англиски јазик 1 и 2 на Факултетот за природни и технички науки и Англиски јазик 1 и 2 како универзитетски изборни предмети. Во тековната академска година таа е задолжена и за предметите Американска книжевност, Американска култура и цивилизација, како и Меѓукултурни релации – Велика Британија – Македонија.

Во овој период м-р Марија Крстева одржува вежби по горенаведените предмети, подготвува материјали за вежби и помага во подготовка на материјалот за предавање на ресорните професори, помага во прегледувањето и одржувањето на колоквиумите и испитите како тестатор. Целокупната нејзина работа е во коресподенција со нејзините докторски студии по американска литература на софискиот универзитет „Св.Климент Охридски“ во Бугарија.

Покрај обврските поврзани со вежбите и предавањата по наведените предмети, таа ги извршува одговорно и совесно и сите други задачи за потребите на Групата за англиски јазик и книжевност, Факултетот и Универзитетот.

М-р Марија Крстева важи и за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација за за целиот период од изборот на кандидатката м-р Марија Крстева во наставно-стручно звање *лектор:*

1. Крстева Марија; Донев, Драган и Илиев, Крсте (2018) New Media Content – Meme Годишен зборник 2018 - Филолошки факултет, УГД - Штип. ISSN 1857 – 7059.

Овој труд дава објаснување за се зголементото користење на новите технологии и дигитализацијата кои донесоа значителни промени во секојдневниот живот на луѓето. Новите медиумски содржини создадени како резултат на тоа доведоа до промена на моделите на однесување и разбирањето на социјалните, културните и политичките случувања и на глобално и на локално ниво. Еден таков медиумски производ наречен меме, игра значајна улога во создавањето на концепти и разбирање. Овој процес е метафоричен и може да адресира различни проблеми преку привлекување на вниманието на луѓето и предизвикување на нивното размислување. Истовремено, таквите содржини може значително да влијаат врз предрасудите на луѓето.

2. Крстева, Марија. (2017). Fact vs. Fiction: The Doubling of the Biographical Self in Biofictins about F. Scott Fitzgerald and Ernest Hemingway. Conference proceedings, Second International Scientific Conference "Filko" - Philology, Culture and Education. pp. 271-277. ISBN 978-608-244-469-7.

Овој труд го разгледува пренапишувањето на животните приказни како повторно откривање на себе преку романот на Тереза Ен Фаулер, З: Роман на Зелда Фицџералд како биофикција за животите на Фицџералд и неговата сопруга на Зелда Фицџералд. Како таква, таа е создадена за да искаже посебен став или да промовира посебен аспект на вистинската животна приказна претворајќи ја во фикција. Истовремено се разгледува и биофикцијата, Парижката сопруга на Паула Меклејн  која го прикажува животот на Ернест Хемингвеј. Како постмодернистички литературни дела, тие го предизвикуваат својот жанровски статус, но не го одбиваат сопствениот фиктивен статус и на тој начин стануваат метафиктивни. Нивните метафиктивни елементи исто така укажуваат на фикционалноста на фикцијата, вклучувајќи го и читателот во создавањето на значењето на текстот.

3. Донев, Драган и Крстева, Марија (2017) Перцепција на студентите за сопствените проблеми при читање англиски текстови. Годишен зборник 2017 - Филолошки факултет, УГД - Штип. ISSN 1857-7059.

Овој труд ја анализира перцепцијата на студентите за сопствените проблеми при читање непознат текст на англиски јазик. Покрај тоа што технологијата е двигател на сите пори во општеството денес, а со тоа и во наставата на странски јазик, сепак способноста за вербална комуникација и понатаму е основна вештина во наставата. Главниот проблем во наставата по изучување странски јазик е да се развијат оралните комуникациски вештини, затоа што основната цел на наставата по странски јазик е да произведе квалификувани наставници по соодветниот јазик. Во нашава анализа вниманието е насочено кон перцепцијата на студентите за сопствените тешкотии при читање. Најнапред е приложен преглед на карактеристичните проблеми по јазични категории присутни при изучување на странски јазик. Акцентот овде е ставен на проблемите што се јавуваат при изучувањето на англискиот јазик како странски. Се очекува да се дојде до резултати кои ќе може да послужат како основа при креирањето наставни материјали.

4. Крстева, Марија (2016) Intertextual references to J. Conrad's novella Heart of Darkness in F. F. Coppola's film Apocalypse Now. Меѓународна научна конференција „Климентовото Дело". pp. 161-167 ISBN 978-608-244-404-8.

Овој труд ги разгледува интертекстуалните референци од „Срцето на темнината" кои постојано се појавуваат во сцените на филмот „Апокалипсата сега" и одново и одново

им даваат нови значења. Интертекстуалноста има главна улога во создавањето поинаква перспектива на Виетнамската војна како што е олицетворена во филмот „Апокалипса сега“. Интертекстуалноста е неотуѓиво својство на секој текст и ќе продолжи да биде дел од текстови што допрва треба да се креираат. Тоа е континуирана нишка која секогаш плете различни модели во книжевниот свет. Филмот е специфична презентација на различни ликови вклучени во приказната со силни интертекстуални референци кон романот на Конрад „Срцето на темнината“. Како производ на интертекстуалноста се добива поинаков систем на знаци.

5. Крстева, Марија (2016) Biographical fictions about the great American authors F.Scott Fitzgerald and Ernest Hemingway. Conference proceedings, First International Scientific Conference “Filko” - Philology, Culture and Education. pp. 439-448. ISSN 978-608-244-308-9.

Овој труд ги разгледува биографските фикции за големите американски автори Ф. Скот Фицџералд и Ернест Хемингвеј кои претставуваат конкретен постмодернистички жанр. Во таа смисла се создадени многу романи кои се занимаваат со нивниот живот или со одреден дел од нивниот живот. Животните приказни на двете литературни великани на американскиот и европскиот модернизам се преплетуваат. Историските факти и референци кон модернизмот го наоѓаат своето место во современиот постмодернистички свет преку придобивање на поинакви значења.

6. Крстева, Марија (2015) Biofictions as part of contemporary fiction. In: XII-а конференция на нехабилитираните преподаватели и докторанти от Факултета по класически и нови филологии, 15 May 2015, Sofia, Bulgaria. ISSN С633-2943. - Бр. 3 (2015).

Овој труд се фокусира на сè попопуларниот сегмент на современата фикција, имено романескното преобликување на приказните за животите на луѓето во литературни биографии. Овие текстови покажуваат различни присвојувања на факти, измислени ликови, романи, правила и мотиви, кои помагаат во воспоставувањето кореспонденции помеѓу минатото и сегашноста на различни начини. Историографската метафикција се занимава со овој конкретен третман на „факт” наспроти „фикција” со отфрлање на сегашните верувања и стандарди во минатото и потврдување на специфичноста и посебноста на поединечниот минат настан.

7. Крстева, Марија и Донев, Драган (2015) Тематските преокупации во „Долга црнечка песна“ на Ричард Рајт. Годишен зборник 2015 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 6. ISSN 1857-7059.

Овој труд се однесува на расказот „Долга црнечка песна“ од Ричард Рајт. Периодот на 20-тите години на минатиот век е револуционерна декада за Афро-американците. Тоа е времето на „Новиот Црнец“, кога тој за првпат самоуверен успева да се пронајде себеси и да му покаже на светот дека не е задоволен со „местото“ кое му било доделено. Прибежиште наоѓа во брзорастечкиот Њујорк и го претвора во центар на афроамериканската литература, уметност и музика. Афроамериканскиот идентитет отсекогаш бил тематска преокупација за црнечките автори и уметници. Така, главната цел на Рајт е да ги прикаже црнците најверодостојно што може, рушејќи го митот на белците за нив како мирни и понизни луѓе. „Долга црнечка песна“ е еден од осумте раскази од колекцијата „Децата на чичко Том“ и обид на Рајт да го воведе „Новиот Црнец“.

Сите овие активности укажуваат на успешноста на кандидатката Марија Крстева во наставно-педагошката и научноистражувачката дејност.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај објавените стручни трудови, кандидатката учествувала на повеќе семинари и обуки од различни типови, како и на проекти, а има освоено и една награда:

*Семинари*

1. Семинар. Тема: Образованието во конфликтни и пост-конфликтни контексти, 28.11.-2.12.2018 г. Организатор: Обединет светски колеџ – Мостар, Босна и Херцеговина.
2. Докторантско училиште. Тема: Ефективна комуникација – Организатор: Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Софија, Бугарија, Место: Ќустендил, Бугарија 13.-16.9.2018 г.

3. Еразмус + курс. Тема: Медиумска писменост. Организатор: Асоцијација Евротендер, 4.-11.2018 г. Сегед, Унгарија.
4. WEASA – Варшавска евроатлантска академија, Организатор: Европски колеџ, Варшава, Полска, 8.-21.8.2018 г.
5. Курс „Квалитативни и квантитативни методи на истражување“ – Европска мрежа за писменост European Literacy Network (ELN) 16-18.5.2018 г. Филолошки факултет, УКИМ, Скопје.
6. Курс „Европа и пошироко: културна и научна дипломатија и предизвиците во научното истражување“, Втора интердисциплинарна летна академија, Банско 24.9.2017 – 1.10.2017, Организатор: АЛМА МАТЕР, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Софија, Бугарија.
7. Семинар на National Geographic Learning – 16.5.2017, Штип, Македонија.
8. Krsteva, Marija and Krstev, Toshe and Nikolovska, Lence (2016) Internet and social media in education. In: The teacher of the future - Ninth International Scientific Conference, 17-19 June 2016, Durres, Republic of Albania.
9. Krsteva, Marija (2016) Artists, Lovers, Wives: Postmodern Re-Writings of Henry James‘s and Ernest Hemingway‘s Lives. In: European Association for American Studies Biennial Conference, Constanta, Romania April 22-25 2016. (Unpublished)
10. Krsteva, Marija (2015) Biofictions as part of contemporary fiction. In: XII-а конференция на нехабилитираните преподаватели и докторанти от Факултета по класически и нови филологии, 15 May 2015, Sofia, Bulgaria.

*Награди*

Hemingway Society Fellowship за 2017 г.

Учество во проекти

1. СУ „Св.Климент Охридски“ - Софија, Бугарија. Проект: Најнови прочити во хуманистичките науки (работилница, тркалезна маса (1.9.2017 – 1.9.2018) и конференција: Пехчево, 2-5.5.2018 г.
2. Филолошки факултет - УГД Штип, 2018. Проект: Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите од Филолошкиот факултет.
3. „Ментор“ 2016 – Проект меѓу ФФ – Штип и ПСД – Љубљана, Словенија.

***Предавања во странство***

Како дел од студискиот престој на Факултетот за класична и нова филологија на СУ „Св.Климент Охридски“ - Софија, Бугарија, Крстева има одржано неколку предавања во периодот 2017/2018 г., а како дел од Еразмус + програмата за мобилност на наставен кадар, во 2016 г. Крстева одржа предавања на Филолошкиот факултет на ПСВС во Елблаг, Полска.

Покрај овие активности, м-р Марија Крстева постојано е дел и од стручно-апликативни активности на ФФ при УГД. Имено, во 2016 г. Крстева учествува во Комисијата за попис на УГД (Филолошки факултет). Во 2018 г. е ангажирана како рецензент на трудови објавени во Годишниот зборник на Филолошкиот факултет во Штип. Крстева е редовно дел од комисиските испити на факултетот, како и член на комисијата за одбрана на дипломски труд. Во 2018 г. Марија Крстева е дел од одборот за составување на првата монографија на Филолошкиот факултет во Штип. Исто така, Крстева е редовен член на Институтот за јазици при УГД, каде што постојано е вклучена во преведувачките и организациони активности.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатките м-р Наталија Поп Зариева и м-р Марија Крстева поседуваат квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажуваат темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои овој извештај и да ги избере кандидатките м-р Наталија Поп Зариева и м-р Марија Крстева во звањето *виш лектор* за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Кусевска, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Нина Даскаловска, вонреден професор, член, с.р.**
**М-р Снежана Кирова, виш лектор, член, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАТЕРИЈАЛНА КУЛТУРА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр**.** 1402 –113/3 од 19.11.2018 година донесена на седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 19.11.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање – насловен доцент за наставно-научната област *материјална култура* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Лајм“ на 27.10.2018 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат:

д-р Зоранчо Малинов.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Зоранчо Малинов е роден во Штип во 1964 година. Средно образование – гимназија завршува во Штип. Со звањето *дипломиран етнолог* се стекнува на насоката Етнологија на Институтот за географија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 1999 година магистрира на Одделот за етнологија и антропологија на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Белград, Србија, со тема „Посмртни обичаји у Брегалничкој области“ и се стекнува со звање *магистер по етнологија*. Докторира во 2005 година на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со тема „Традицискиот народен календар на Шопско-брегалничката етнографска целина“, со што се стекнува со звање *доктор на етнолошки науки*.

Својот професионален ангажман како етнолог го започнува во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, кога се вработува во 1995 година како помлад асистент на работното место: истражувач на народните обичаи и игри, за потоа да биде избиран и во звањата: асистент (1999 год.), научен соработник (2005 год.), виш научен соработник (2008 год.) и научен советник (2012 год.).

Од 16 февруари 2011 година ја извршува и функцијата директор на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Докторира на УКИМ – Скопје, Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија и се стекнува со назив *доктор на етнолошки науки*.
2. Магистрира на Универзитетот во Белград, Србија, на Филозофскиот факултет, Оддел за етнологија и антропологија и се стекнува со назив *магистер по етнологија,* со просек 8,20.
3. Дипломира на УКИМ – Скопје, Природно-математички факултет, Институт за географија, Насока Етнологија и се стекнува со називот дипломиран етнолог, со просек 8,27.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Зоранчо Малинов** | Кумановскиот крај во контекст на етнорегионалната клсификација на македонскиот етнографски простор | *Македонски фолклор, бр. 70*, ИФМЦ, Скопје | 2015 |
| 2 | **Zoranco Malinov** | Comparative research of the calendar rites on both sides of the Macedonian-Bulgarian border | *Contextualizing Changes: Migrations, Shifting Borders and New Identities in Eastern Europe* (Editors: Petko Hristov and others), Institute of Ethnology and Folkloristics with Ethnographical Museum, Bulgarian Academy of Science, Sofia | 2015 |
| 3 | **Зоранчо Малинов** | Мартинките како симбол на доаѓањето на пролетта | *Balkanoslavica, 40-44*, Институт за старословенска култура, Прилеп | 2015 |
| 4 | **Зоранчо Малинов** | Штип, „чет'рсе" и УНЕСКО - како да се искористи впишувањето на штипскиот обичај на светската репрезентативна листа на нематеријално културно наследство | *Прва меѓународна научна конференција ФИЛКО - филологија, култура и образование*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип | 2016 |
| 5 | **Zoranco Malinov** | The influence of the Serbian ethnological scientific thought on the development of the Macedonian ethnology | *Гласник Етнографског института САНУ, бр. 66 (1)*, Етнографски институт, Српска академија наука и уметности, Београд | 2016 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Малинов има работно искуство и како наставник на додипломски студии, и тоа: во периодот 2006-2012 г. на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, каде што хонорарно е ангажиран како наставник (насловен доцент – 2006-2011, а потоа и како насловен вонреден професор) по група етнолошки предмети, како и на додипломските студии по етнокореологија на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, каде што во периодот од 2007-2018 ги предавал предметите: Регионална етнологија 1 и 2 и Народна носија 1 и 2. На истиот универзитет држи настава и по предметот Етнологија на студиите по историја и археологија, кои првин се организирани во рамките на Филолошкиот факултет, а подоцна на Факултетот за образовни науки.

Од академската 2008-2009 година е ангажиран како наставник и на втор циклус студии (според старата програма, двегодишни студии) по фолклористика, што ги организира Институтот за фолклор „Марко Цепенков", по предметите: Духовна и материјална култура и Обреди и верувања, а од 2014-2015 година на студиите од втор циклус (според новата програма, едногодишни студии) по фолклористика, ги предава предметите (заедно со други професори): Обреден фолклор, Фолклористички аспекти на материјалната култура, Фолклористички аспекти на духовната култура и Културни ареали. Од академската 2018-2019 година е ангажиран и на трет циклус студии по фолклористика, каде што избран за

наставник по предметите: Традиционално културно наследство и негова заштита, Фолклор и туризам и Фолклорот и современите општествени процеси.

Бил ментор на два успешно одбранети магистерски труда, како и на една докторска дисертација.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Кандидатот д-р Зоранчо Малинов учествува во 14 научноистражувачки проекти, од кои во еден се јавува во улогата на раководител, а во останатите 13 е во својство на учесник. Во оваа пригода, покрај проектот во кој се јавува како раководител, ги издвојуваме следниве три во кои се јавува како учесник:

1. *Промените во календарската обредност по општествено-политичките настани од 90-ите години на XX век* (Финансиран од Министерство за образование и наука на РМ, 2009-. Раководител: д-р Зоранчо Малинов. Тема: Св. Трифун и Св. Валентајн - двајца светци, а еден празник (судир на традицијата и помодарството);
2. *Миграции на работна сила на Балканот* (Меѓународен научноистражувачки проект на Институтот за национална историја – Скопје и Институтот за етнологија при БАН, Софија, финансиран од МОН на Р. Македонија и МОН на Р. Бугарија, 2008-2009. Раководител: д-р Биљана Ристовска-Јосифовска. Тема: Компаративно проучување на акултурацијата на мигрантите од Шоплукот (на примери од Источна Македонија и Североисточна Бугарија);
3. *Современи проекции на културните традиции во европска перспектива: етнолошки, фолклористички и етномузиколошки аспекти* (Меѓународен научноистражувачки проект финансиран од МАНУ и БАН, 2014-16. раководител: д-р Танас Вражиновски. Тема: Современите државни празници во Македонија и Бугарија);
4. *Образованието, духовната и материјалната култура во 18-20 век – процеси, личности, модели* (Меѓународен научноистражувачки проект финансиран од МАНУ и БАН, 2018- . Раководител: акад. Блаже Ристовски. Тема: Значењето на фолклористичко-етнографските материјали од Македонија објавени во софискиот зборник за народни умотворби (1889-1913)).

***Објавени трудови:***

1. **Зоранчо Малинов** (2001), *Посмртните обичаи во брегалничката област*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, посебни изданија, кн. бр. 37, Скопје. (стр. 1-180 стр).

(Резиме: Во книгата се опфатени обичаите во врска со погребниот ритуал, а соодветно внимание е посветено и на традиционалната носија на населението од односниот регион, а особено на траурната облека.)

2. **Зоранчо Малинов** (2002), Симболиката во погребниот обред кај Македонците, *Спектар*, *бр. 39-40*, Институт за литература, Скопје (стр. 279-296).

(Резиме: Во трудот е опфатена симболиката во погребниот обред, особено на некои обредни реквизити: варена пченица, обредни лебови, свеќи, цвеќе итн., меѓу другото и на симболиката поврзана со траурната облека.)

3. **Зоранчо Малинов** (2005), Празникот Тодорица (Тодоровден) во Шопско-брегалничката етнографска целина, *Етнолог, бр. 11*, Македонско етнолошко друштво (МЕД), Скопје. (стр. 109-120).

(Резиме: Презентиран е обредниот комплекс поврзан со празникот Тодорица во североисточниот дел на Македонија, при што посебно внимание е посветено и на обредните лебови како едни од најважните обредни елементи при одбележувањето на празникот на орачкиот добиток, но и на новите невести во пределите од Македонскиот Шоплук.)

4. **Зоранчо Малинов** (2006), Новогодишниот обреден комплекс во Охридско-струшкиот регион. Во: *Фолклорот во Охридско-струшкиот регион*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, посебни изданија, кн. 63, Скопје. (стр. 205-224).

(Резиме: Во трудот се претставени обичаите од новогодишниот обреден комплекс во споменатиот регион, со посебен осврт на водичарските обичаи кои се мошне значајни во обредниот календар на Македонците од југозападниот дел на земјава.)

5. **Зоранчо Малинов** (2006), *Традицискиот народен календар на Шопско-брегалничката етнографска целина*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, посебни изданија, кн. бр. 68, Скопје. (стр. 1-350).

(Резиме: Во книгата се претставени сите обичаи од обредниот календар на Македонците од североисточниот дел на Македонија, а соодветно внимание е посветено и на традиционалната носија, поточно на празничната облека што се носела при разните празнични прослави на ниво на семејната или селската заедница, но и на повисоко ниво, на ниво на целиот етнографски предел, како што се на пример, семејните слави, селските, црковните и манастирските слави - собори и сл.)

6. **Зоранчо Малинов** (2007), Влашкото влијание кај некои обичаи на Македонците од Источна Македонија, *Македонски фолклор, бр. 64*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ (ИФМЦ), Скопје. (стр. 205-214).

(Резиме: Во трудот е посветено внимание на некои обичаи од животниот и годишниот циклус кои македонското население ги прифатило од Власите како последица на вековното заедничко опстојување на овие две етнички заедници во источниот дел на Македонија.)

7. **Zoranco Malinov** (2008), The Macedonian Shops (Shopi): Borders, Identity and, Perspectives. In: *Dynamics of National Identity and Transnational Identities in the Process of European Integration* (Edited by Elena Marushyakova), Cambridge Scholars Publishing, Newcastle (pp. 424-436).

(Резиме: Во трудот станува збор за етнографската група Македонски Шопи, како составен дел на македонскиот народ, ареалот на нивното распространување, нивниот идентитет, како и на најважните етнографски карактеристики на нивната традиционална култура – носијата, обичаите итн. Овој труд е публикуван и на македонски, бугарски и украински јазик.)

8. **Зоранчо Малинов** (2008), Грчкото влијание на обредниот календар на с. Зрново, Драмско (Егејска Македонија), во периодот меѓу двете светски војни, *Македонски фолклор, бр. 66*, ИФМЦ, Скопје (стр. 231-250).

(Резиме: Во трудот станува збор за промените во обредниот календар на Македонците од с. Зрново, Драмско, кои настанале под влијанието на грчките власти, со оглед на тоа што овој дел од Македонија по Балканските и Првата светска војна се нашол во границите на грчката држава.)

9. **Зоранчо Малинов** (2009), *Етнолошка монографија на Зрново (Драмско), Егејска Македонија*, Камелеон, Скопје (1-152 стр.).

(Резиме: Книгата претставува етнолошка монографија за Зрново, населба која од поголемо село во југоисточниот дел од македонскиот етнографски простор постепено прераснало во гратче кое гравитирало кон градот Драма. Во монографијата се опфатени сите сегменти на традиционалната култура – материјалната, социјалната и духовната, така што е посветено соодветно внимание на традиционалните живеалишта, покуќнината, носијата, обичаите, фолклорот итн.)

10. **Зоранчо Малинов** (2009), Етнографската група Мрваци, *Етнолог, бр. 12-13*, МЕД, Скопје (стр. 40-53).

(Резиме: Во трудот, покрај распространувањето, презентирани се и најважните карактеристики на оваа етнографска група од југоисточниот дел на македонскиот етнографски простор, како што се традиционалната, носија, обичаите, фолклорот итн.)

11. **Зоранчо Малинов** (2009), Популаризацијата на македонската традиционална култура во Република Македонија и во светот. Во: *Социјални и духовни аспекти на материјалната култура* (Прилози од Меѓународната конференција: „Социјални и духовни аспекти на материјалната култура“, во организација на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ, Скопје, одржана на 20-22 септември 2008 г. во Охрид), ПМФ, Скопје (стр. 491-497).

(Резиме: Покрај разните форми на популаризација на македонската традиционална култура, во трудот станува збор и за изложбата на делови од народни носии: разни везови на ракави, сокаи, убруси, плетени чорапи и сл. што Институтот за фолклор ја организираше во Културно-информативниот центар на РМ во Софија, Бугарија.)

12. **Зоранчо Малинов** (2009), Заемното учество во некои обреди на Македонците и Турците во с. Суво Грло, Штипско, *Македонски фолклор, бр. 68*, Скопје. (стр. 87-94).

(Резиме: Помеѓу другите обреди на заемното учество на македонското и турското население во штипското село Суво Грло, станува збор и за обредот „мартифал“, кој го правеле заеднички девојките од двете споменати етнички заедници.)

13. **Зоранчо Малинов** (2011), Научниот придонес на Ѓорче Петров во македонската етнографија. Во: *Зборник на трудови Ѓорче Петров - живот и дело* (Материјали од научната трибина одржана на 1.4.2011 година во Скопје пои повод 90 години од смртта и 146 години од раѓањето на револуционерот Ѓорче Петров и 95 години од формирањето на населбата Ѓорче Петров), Општина Ѓорче Петров, Скопје. (стр. 211-217).

(Резиме: Во научниот придонес на овој познат македонски револуционер за македонската етнологија, првенствено станува збор за неговите релативно успешни описи на народните носии на македонското население од тогашните Скопски и Битолски вилаети, кои и денес ги користат македонските етнолози за реконструкција на народните носии од периодот на преминот од 19 во 20 век.)

14. **Zoranco Malinov** (2012), The identity of the migrants from Shopluk in the new environments of the other parts of Bulgaria, Serbia and Macedonia. In: *Migration and Identity: Historical, Cultural and Linguistic Dimensions of Mobility in the Balkans* (Editor: Petko Hristov), Ethnographic Institute with Museum, Bulgarian Academy of Science, Sofia (pp. 180-191).

(Резиме: Во трудот станува збор за преселниците од Шоплукот, етнографски простор кој се наоѓа во границите на трите балкански држави: Бугарија, Македонија и Србија, а кои се населиле во другите делови од споменативе држави и нивната акултурација во новите средини. Посебно внимание се посветува на приспособувањето на традиционалните носии на новите животни средини: адаптација, промена, исчезнување и сл.)

15. **Зоранчо Малинов** (2014), Криворечките додолари, *Музејски гласник, бр. 7*, Музеј на град Кратово, Кратово (стр. 23-33).

(Резиме: Интересен обичај што се практикувал во селата во средниот и долниот тек на Крива Река, каде што во улога на измолувачи на дожд од натприродните сили се јавуваат возрасни мажи и ергени облечени во обредна облека каква што се користеле и во џамаларскиот обред: кожуви, зооморфнимаски, клопотарци и сл.)

16. **Зоранчо Малинов** (2015), Кумановскиот крај во контекст на етнорегионалната клсификација на македонскиот етнографски простор, *Македонски фолклор, бр. 70*, ИФМЦ, Скопје, стр. 23-40.

(Резиме: Труд кој прави осврт на етнолошките карактеристики: носија, обичаи и сл. на македонското население од кумановскиот крај во контекст на етнорегионалната класификација на македонскиот етнографски простор.)

17. **Zoranco Malinov** (2015), Comparative research of the calendar rites on both sides of the Macedonian-Bulgarian border. In: *Contextualizing Changes: Migrations, Shifting Borders and New Identities in Eastern Europe* (Editors: Petko Hristov and others), Institute of Ethnology and Folkloristics with Ethnographical Museum, Bulgarian Academy of Science, Sofia (p-p. 552-560).

(Резиме: Споредбена анализа на обредноста на населението од двете страни на македонско-бугарската граница, при што првенствено се опфатени обичаите од годишниот циклус.)

18. **Зоранчо Малинов** (2015), Мартинките како симбол на доаѓањето на пролетта, *Balkanoslavica, 40-44*, Институт за старословенска култура, Прилеп (стр. 109-119).

(Резиме: Мартинките, односно своевидните амајлии што вообичаено се изработуваат од усукани црвени и бели волнени или друг вид на конци се претставени како симбол на доаѓањето на пролетта, преку најразличните обичаи во врска со нивната изработка, носење и отстранување, во периодот на почетокот или во текот на целиот месец март.)

19. **Зоранчо Малинов** (2016), Летник и Невруз - предисламските елементи поврзани со доаѓањето на пролетта во обредниот календар на Македонците со исламска религија. Во: *Македонците со исламска религија во историски и современ контекст*, Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи, Скопје (стр. 143-157).

(Резиме: Презентирани се предисламските елементи во обичаите што се практикувале кај Македонците со исламска религија на празниците на кои се прославува доаѓањето на пролетта, како што се Летник – првиот ден од март и Неврус – денот на пролетната рамноденица.)

20. **Зоранчо Малинов** (2016), Штип, „чет'рсе" и УНЕСКО - како да се искористи впишувањето на штипскиот обичај на светската репрезентативна листа на нематеријално културно наследство. Во: *Прва меѓународна научна конференција ФИЛКО - филологија, култура и образование*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Штип (стр. 515-523).

(Резиме: Станува збор за познатиот штипски обичај „чет'рсе", кој од 2013 година се наоѓа на репрезентативната листа на нематеријалното културно наследство на човештвото што ја изготвува светската организација за образование, наука и култура – УНЕСКО, како и можностите за негова популаризација во и вон државава).

21. **Зоранчо Малинов** (2016), Пчињските лазарки (лазарице) - културен мост помеѓу Македонија и Србија. Во: *Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија* (Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир, одржан на 30 и 31 октомври 2015 година во Битола), Конзулат на Р. Србија во Р. Македонија – Битола, Битола. (стр. 239-250).

(Резиме: Анализирани се женските обредни групи *лазарици* кои се организирале во пределот Пчиња, во македонско-српското погранично место, каде што врз основа на обредните улоги „мушки лазар" и „женски лазар" се чувствува извесно влијание од женските обредни поворки познати како „*краљиц"е*, каде што се среќаваат обредните улоги „краљ" и „краљица".)

22. **Зоранчо Малинов** (2016), The male ritual procession "bamburci" from Ratevo between the tradition and the modernity (Ратевските бамбурци помеѓу традицијата и современоста). In: *5th International Conference "Ohrid-Vodici 2017" – "Runaway world, liquid modernity and reshaping of cultural identities, heritage, economy, tourism and media"*. Conference Proceedings, Ohrid, Macedonia, 17-19 January 2017. Editor: Rubin Zemon, Institute of Social and Cultural Anthropology, Skopje (p-p. 167-172).

(Резиме: Машката обредна поворка *бамбурци* што се организира во беровското /малешевско/ село Ратево е третирана од аспект на обредните носии и маските што се користат, како и од аспект на трансформацијата на овој обред во современа културна манифестација со учесници и од други средини.)

23. **Zoranco Malinov** (2016), The influence of the Serbian ethnological scientific thought on the development of the Macedonian ethnology, *Гласник Етнографског института САНУ, бр. 66 (1)*, Етнографски институт, Српска Академија Наука и уметности, Београд (стр. 101-116).

(Резиме: Станува збор за влијанието на српската етнолошка наука врз македонската етнологија, започнувајќи од инсталирањето на првите музејски и образовни институции во меѓувоениот период, преку литературата, па сè до едукацијата на наставниот кадар на македонските универзитети, кои дел од своето образование го стекнале во Белград.)

24. **Зоранчо Малинов** (2018), Машките обредни игри во македонско-српското пограничје. Во: *Врските меѓу Р. Македонија и Р. Србија низ вековите и денес* (Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир, одржан на 19 и 20 мај 2017 година во Битола), Конзулат на Р. Србија во Р. Македонија – Битола, Битола (стр. 643-655).

(Резиме: Анализирани се машките обредни поворки кои се среќаваат во македонско-српските погранични места, како што се разните варијанти на *сировари*, *џамалари*, *коледари*, *сурети* и др., со своите обредни носии, обредни реквизити, обредното време во кое се јавуваат, со сите свои сличности и разлики што се јавуваат на двете страни од границата.)

25. **Зоранчо Малинов** (2018), Ѓурѓовден кај Македонците (коавтор со Велика Стојкова Серафимовска), Увод и Завршни согледувања, во книгата: *Ѓурѓовден во Република Македонија*, уредник д-р Зоранчо Малинов, Институт за фолклор „Марко Цепенков", посебни изданија, кн. 84, Скопје (стр. 5-12, 13-42 и 145-155).

(Резиме: Во оваа книга се презентирани сите аспекти на ѓурѓовденската обредност што се практикува кај етничките заедници што живеат во РМ, а за празнувањето на Ѓурѓовден кај Македонците авторот се осврнува на разните обичаи кои можат да се класифицираат како: обичаи во врска со зелената вегетација, сточарски обичаи, обичаи во врска со Ѓурѓовден како прв ден од летната половина на годината и обичаи во врска со култот на свети Ѓорѓи).

***Учество на конференции со свој реферат/ труд:***

1. XVI Меѓународен симпозиум за балкански фолклор: „Фолклорот и заедничките културни вредности на Балканот“, во организација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје (Охрид, 2006); Тема: Влашкото влијание кај некои обичаи на Македонците од Источна Македонија;
2. Меѓународна научна конференција: „Транзициите во историјата и културата“, во организација на Институтот за национална историја (Скопје, 2006); Тема: Современата состојба на календарскиот обреден комплекс во брегалничките предели - континуитет и промени;
3. International Scientific Conference: „Dynamics of National Identity and Transnational Identities in the Process of European Integration“, во организација на Етнографскиот институт со музеј, Софија (Sofia, 2007). Тема: *The Macedonian Shops (Shopi): Borders, Identity and, Perspectives;*
4. Меѓународна научна конференција: „Социјални и духовни аспекти на материјалната култура“, во организација на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ - Скопје (Охрид, 2008). Тема: *Популаризацијata на македонската традиционална култура во Република Македонија и во светот*
5. XVII Меѓународен симпозиум за балкански фолклор, на тема: „Фолклорот и заедничките културни вредности на Балканот“, во организација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје (Охрид, 2008); Тема: Грчкото влијание на обредниот календар на с. Зрново, Драмско (Егејска Македонија), во периодот меѓу двете светски војни;
6. Меѓународен научен симпозиум: „Популаризација на етнолошкото културно наследство“, во организација на Македонското етнолошко друштво (Штип, 2009): Тема: Обичајот „четерсе“ во Штип и обиди за негова поширока популаризација;
7. International Scientific Conference: „Migration and Identity: Historical, Cultural and Linguistic Dimensions of Mobility in the Balkans“, во организација на Етнографскиот институт со музеј, Софија (Sofia, 2011). Тема: The identity of the migrants from Shopluk in the new environments of the other parts of Bulgaria, Serbia and Macedonia;
8. VIII Меѓународен конгрес за турска народна култура (8. Milletlerarasi Türk Halk Kültürü Kongresi) во организација на Министерството за култура и туризам на Република Турција (Izmir, 2011); Тема: Contribution of the Institute of Folklore from Skopje in the research, the archiving, the valorization and the protection of the intangible cultural heritage in the Rebublic of Macedonia;
9. Меѓународен научен симпозиум: „Етнотуризмот и етнолошкото културно наследство“ во организација на Македонското етнолошко друштво (Скопје, 2012): Тема: Штипската пастрмалија(да) - храна, забава, бизнис;
10. International Conference Contextualizing Changes: „Migrations, Shifting Borders and New Identities in Eastern Europe“, во организација на Institute of ethnology and folklore study whit ethnographical museum, Sofia, Bulgaria (Sofia, 2014); Тема: Comparative Study of the Calendar Rituals of Population on the Both Sides of the Macedonian-Bulgarian State Border;
11. Меѓународен научен симпозиум: „Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања“,во организација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ (Скопје, 2014); Тема: *Глушчов празник - култот кон глувците кај јужнословенските народи;*
12. Меѓународен научен симпозиум: „Афирмација, продлабочување и проширување на

вековните врски меѓу Македонија и Србија“, во организација на Конзулатот на Р Србија во Битола (Битола, 2015); Тема: Пчињските лазарки (лазарице)  - културен мост меѓу Македонија и Србија;

13. Научна конференција: „Македонците со исламска религија во историски и современ контекст“, во организација на МАНУ и Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на Р. Македонија; Тема: Летник и Невруз – предисламските елементи поврзани со доаѓањето на пролетта во обредниот календар на Македонците со исламска религија;
14. Меѓународен научен симпозиум: „35 години Институт за старословенска култура - Прилеп“, во организација на Институтот за старословенска култура (Кратово, 2015); Тема: Мартинките како симбол на доаѓањето на пролетта;
15. XVIII Меѓународен симпозиум за балкански фолклор: „Теорија и емпирија: институционализирана фолклористика во Македонија и на Балканот“, во организација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ (Скопје, 2015); Тема: Обредниот календар на Македонците низ призмата на теоријата на обновувањето на времето на Мирча Елијаде;
16. First International Scientific Conference „FILKO“ – Philology, Culture and Education, во организација на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ (Штип, 2016); Тема: Штип, „чет”рсе“ и УНЕСКО – како да се искористи впишувањето на штипскиот обичај на репрезентативната листа на нематеријалното културно наследство;
17. Меѓународна научна конференција: „Современи проекции на културните традиции во европска перспектива: етнолошки, фолклористички и етномузиколошки аспекти“, во организација на МАНУ и БАН (Скопје, 2016); Тема: Државните празници во Македонија и во Бугарија;
18. Меѓународна научна конференција: „Традиција и современост во Македонија и Србија“, во организација на ИФМЦ и Етнографскиот институт при САНУ – Белград (Скопје, 2016); Тема: Државните празнични календари во Македонија и Србија за време на југословенската федерација и по нејзиниот распад;
19. 5 th International Conference: „Runaway world, liquid modernity and reshaping of cultural identities, heritage, economy, tourism and media“, во организација на Institute of Social and Cultural Anthropology – Skopje (Ohrid, 2017); Тема: Ратевските бамбурци помеѓу традицијата и современоста (The male ritual procession “bamburci” from Ratevo between the tradition and the modernity);
20. Меѓународна научна конференција: „Обреди и фестивали под маски на Балканот: традиција, состојба, тенденција“, во организација на Општина Прилеп и Институтот за старословенска култура (Прилеп, 2017); Тема: Обредната улога „мечка“ во машките обредни игри;
21. Меѓународен научен симпозиум: „Врските меѓу Р. Македонија и Р. Србија низ вековите и денес“,во организација на Конзулатот на Р. Србија во Битола (Битола, 2017); Тема: Машките обредни поворки во македонско-српското пограничје;
22. Меѓународен научен симпозиум: „Ретроспективе и перспективе етнологије и антропологије“, во организација на Етнографскиот институт при САНУ – Белград (Сирогојно, 2017); Тема: The influence of the Serbian ethnological scientific thought on the development of the Macedonian ethnology;
23. Меѓународен научен симпозиум: „Процеси на културна интерференција: Балканот помеѓу Истокот и Западот“, во организација на Институтот за старословенска култура – Прилеп (Неготино, 2017); Тема: Обредноста на Ѓурѓовден/Hidirellez како мост и јаз помеѓу балканските народи;
24. XIX Меѓународен симпозиум за балкански фолклор: „Традиција и современост во фолклорот на балканските народи“,во организација на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ (Скопје, 2017); Тема: Св. Трифун и Св. Валентајн – двајца светци, а еден празник (судир на традицијата и помодарството).

*Награди и признаија:*

1. Награда (признание) од Општина Штип за особен придонес и постигнувања во афирмацијата на Општината (2011 год.).

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Монографија или научна книга | 3 | 10 | | | 30 |
| **2** | Дел од монографија или научна книга | 1 | 6 | | | 6 |
| **3** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 9 | 3 | 1 | 6 | 33 |
| **4** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 8 | 1 | 3 | 2 | 14 |
| **5** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 1 | 20 | 4 | 2 | 28 |
| **6** | | | | | | |
| **7** | | | | | | |
| **8** | Раководител на научен проект | 1 | 4 | | | 4 |
| **9** | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 2 | | | 6 |
| **10** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 3 | 1 | | | 3 |
| **11** | Уредник на зборник на трудови | 1 | 2 | | | 2 |
| **12** | Уредник на зборник на трудови од научен собир | 1 | 1 | | | 1 |
| **13** | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 3 | 2 | | | 6 |
| **14** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 8 | 1 | | | 8 |
| **15** | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 10 | 1 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **161** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Елаборати и експертизи | 9 | 2 | | | **18** |
| **2** | Стручни награди и признанија | 1 | 4 | | | **4** |
| **3** | Декан | 1 | 12 | | | **12** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **34** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **195** |

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната детално наведена професионална активност на кандидатот д-р Зоранчо Малинов се заклучува дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно научната област *материјална култура* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, согласно со Законот за високо образование на РСМ и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот преку остварените досегашни активности покажа способности за развивање на наставно-образовна дејност, како и организациско-развојни дејности.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и го избере кандидатот д-р Зоранчо Малинов во звање насловен вонреден професор за наставно научната област материјална култура на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Мирјана Мирчевска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Владимир Јаневски, вонреден професор, член, с.р.**
**Д-р Гоце Гавриловски, вонреден професор, член, с.р.**

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕТНОМУЗИКОЛОГИЈА НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1402 –113/4 од 19.11.2018 година донесена на седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 19.11.2018 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област *етномузикологија* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Лајм“ на 27.10.2018 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат:

д-р Родна Величковска.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Родна Величковска** родена е на 20.2.1955 година во с. Горобинци, Св. Николе, Република Македонија. Основното образование завршува во родното место. По завршувањето на средното музичко училиште „Илија Николовски – Луј“, на Инструменталниот отсек – флејта (1975) во Скопје, се запишува на Факултетот за музичка уметност во Скопје на Инструменталниот отсек – флејта и дипломира во 1979 година. Постдипломски студии завршува во Белград, на Факултетот за музичка уметност, Катедра за музикологија и етномузикологија, на тема „Жетварското пеење во Македонија“, под менторство на проф. д-р Димитрије О. Големовиќ. Исто така, на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот за уметност (Катедра за музикологија и етномузикологија) во Белград на 20.12.2006 година под менторство на проф. д-р Димитрија О. Големовиќ ја брани докторската дисертација под наслов „Музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење - обредно пеење“.

Д-р Родна Величковска од 1980 година работи на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, најпрвин како стручен соработник – мелограф на вокалната народна музика во Одделот за народна музика до 2000 година, кога е избрана во звањето асистент за работното место истражувач на вокалната народна музика, а во 2004 година е преизбрана во истото звање. Во 2007 година е избрана во звањето научен соработник, а во 2010 година во звањето виш научен соработник за работното место истражувач на вокалната народна музика. Во 2013 година е избрана во звањето научен советник на работното место истражувач на вокалната народна музика.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Докторира на 20.12.2006 година на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот за уметност (Катедра за музикологија и етномузикологија) во Белград под менторство на проф. д-р Димитрија О. Големовиќ, под наслов „Музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење - обредно пеење“.
2. Постдипломски студии завршува во на 4 август 1999 година во Белград, на Факултетот за музичка уметност, Катедра за музикологија и етномузикологија, на тема „Жетварското пеење во Македонија“, под менторство на проф. д-р Димитрије О. Големовиќ.
3. дипломира во 1979 година на Инструменталниот отсек – флејта на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Родна Величковска, | Жената како стожер на обредната пејачка традиција во Македонија и Србија | *Зборник на трудови, Конзулска Битола и историските, современите и идните култури и уметнички врски меѓу Република Македонија и Република Србија*, Битола | 2014 |
| 2 | Родна Величковска | Македонско-руското традиционално народно пеење во контекст на структурно-типолошките истражувања | *Руско-македонски јазични, литературни и културни врски,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје | 2014 |
| 3 | Родна Величковска | Македонското традиционално народно пеење од баладен тип | Зборник на трудови *Културна меморија*, V/1, т. 1, МИ-АН, Скопје | 2014 |
| 4 | Родна Величковска, | Форми и содржини за презентирање на изворниот фолклор, *Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања* | Меѓународен симпозиум, 19-20 декември 2014, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје | 2015 |
| 5 | Родна Величковска | Картографирањето како метода за означување на музичко-дијалектната граница во македонското традиционално народно пеење (Обредно пеење), *Балканскиот фолклор како интеркултурен код* | Институт за фолклор Марко Цепенков, Скопје, Instytut filologii slovanskiej uniwersytetu im. Adama Mickiewicza w Poznaniu, Скопје-Познањ | 2015 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Родна Величковска од учебната 2008/2009 год. е наставник на постдипломските и докторските студии по фолклористика во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, по предметите: Духовна култура (заедно со проф. д-р Зоранчо Малинов), Етномузикологија, Етноорганологија и Фолклорни манифестации; ментор е на пет докторанди и на пет магистранди.

Со новата Студиска програма за втор циклус студии по фолклористика заедно со група професори ги води предметите 1. Фолклористика – методи на научно истражување, 2. Обреден фолклор, 3. Фолклористички аспекти на духовната култура и 4. Културни ареали во Македонија.

На третиот циклус студии по фоклористика ги води предметите: 1. Фолклористика – I модул: Рефлексивна фолклористика и II модул: Апликативна фолклористика; 2. Наративни светови – I модул: Рефлексивна фолклористика и 3. Обреден фолклор: теорија и емпирија II модул: Апликативна фолклористика.

Од учебната 2010/2011 година до денес е ангажирана како хонорарен професор по предметите Етномузикологија 1 и 2, Музички фолклор 1 и 2, Етноорганологија, Мелографија, Теорија на музиката и музичка педагогија и на студиската програма за Џез студии при Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Менторства на магистерски и докторски студии**

**Магистерски трудови:**

1. Џенгис Ибрахим (тема: „Народниот музички инструмент баглама кај Турците во Македонија“) – одбранет во 2011 година;
2. Тимко Чичаковски (тема: „Чалгиската традиција во Берово“) – одбранет во 2012 година;
3. Сашо Митев, „Народните музички инструменти и инструменталната традиција во Струмичко-радовишкиот регион“ – одбранет во 2014 година;
4. Зоран Џорлев „Ороводните песни како дел од македонската обредно-пејачка традиција“ – одбранет во 2015 година и
5. Мелита Ивановска „Обредната пејачка традиција кај Македонците со исламска религија во Долна Река“ – одбранет во 2016 година.

**Докторски дисертации**:

1. Велика Стојкова-Серафимовска, „Македонската вокална музичка традиција во процесот на општествената транзиција од 80-тите години на минатиот век до денес“ – одбранета во 2014 година;
2. Гоце Гавриловски, „Фолклорот и неговата уметничка транспозиција во дел од симфониското творештво на македонските композитори“– одбранета во 2015 година;
3. Владимир Јаневски, „Етнокореолошка класификација на ората во Македонија“ – одбранета во 2017 година;
4. Беким Рамадани со наслов „Традиционалната музичка култура на Албанците од Тетово и Тетовско“ – одбранета во 2018 година.

Акредитиран ментор на Школата за докторски студии по фолклористика при УКИМ на кандидатите: Тимко Чичаковски, Стојанче Костов и Андријана Јаневска.

**Области на истражувања**

Етномузикологија, обреден музички фолклор, музички дијалекти, традиционално народно пеење, обичаи, верувања, култови, традиционална култура, културни ареали.

**Научноистражувачки проекти**

1. *Улогата на жената во традиционалната обредна култура* (ИФМЦ, МОН, 2010-), раководител.
2. *Мултимедијална енциклопедија мултимедијално ЦД „Македонски музички фолклор“* (СОКОМ Министерството за култура на РМ), учесник со две теми „Жетварското пеење“ и „Додоле и други обреди и песни за повикување на дожд“, 2008.
3. *Фолклорното наследство: истражување и дигитизација* (ИФМЦ, МОН, 2009-), истражувач.
4. *Фолклорното наследство и транзиционите процеси* 2001-2003 (ИФМЦ, МОН, 2010- ), истражувач.
5. Обредите на постсоцијалистичкиот транзициски период (ИФМЦ, МОН, 2010 - истражувач).
6. *Етнокултурните процеси во Украина и Македонија*, 2010-2015), истражувач.
7. *Современи проекции на културните традиции во европска перспектива: етнолошки, фолклористички и етномузиколошки аспекти* (Меѓународен научноистражувачки проект финансиран од МАНУ и БАН, 2014-2016, истражувач).

**Библиографија**

Монографски трудови**:**

1. Родна Величковска, *Жетварското пеење во Македонија*, Институт за фолклор „Марко Цепенков”, Посебни изданија, кн. 45, Скопје, 2002, 241 стр.

Родна Величковска, *Жетварското пеење во Македонија*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје: ebooks - http://www.auburn.edu/~mitrege/mac-folklore.html

(Резиме: Во книгата се проучува жетвата и жетварското пеење како социолишки феномен кој во минатото постоел во Македонија, па и пошироко на Балканот како сродна појава која се негувала со векови. Преку верувањата и обредните дејства во кои важно место ѝ се отстапува на димензијата на плодноста на житото. Жетварските песни се поврзани со обреди и магиски дејства кои се практикувале во строго одредени пригоди, а главна улога во сите жетварски обтреди и пеење имала жената. Основната особеност на жетварското пеење е колективноста во изведбите.)

2. Родна Величковска, Музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење ИФ „Марко Цепенков”, Народни песни, книга17, Скопје, 2008, 264 стр.

(Резиме: Во оваа книга проучуваат обредно-пејачките жанрови со цел да се истакнат музичко-дијалектните појави во македонското традиционално народно пеење - обредно пеење). Музичките дијалекти се главен предмет на овие истражувања, со нив се цели да се објасни нивната појава и развој, да се проучат нивните музичко-стилски особености и да се изградат критериуми за нивното разграничување. Освен тоа, сметајќи ги музичките дијалекти како посебна одлика на народната музика, која поседува специфична граматика во различни етнографски области, се наметнува потребата да се откријат дијалектните особености на музичкиот фолклор на еден народ, а што подразбира проучување на неговата изворна форма, со цел да се даде појасна слика на музичкиот јазик.

3. Родна Величковска, Картографирање и ареалните истражувања во етномузикологијата, Институт за фолклор „Марко Цепенков” - Скопје, Македонско народно творештво, Народни песни, книга 17, Скопје 2008, 215 стр.

(Резиме: Во книгата се изнесени резултатите од ареалните истражувања во етномузикологијата во која се истакнати и применети принципите на бележење на разновидните форми на музичко-фолклорните појави. Предмет на истражување на овој труд е картографското бележење на појавите од областа на музичкиот фолклор во Македонија. Исцртани се карти на кои со специјални знаци (изоглоси) се означени музичко-дијалектните појави во македонското традиционално народно пеење. При картографирањето на музичкиот фолклор, најдобри перспективи на планот на ареалните истражувања нуди структурно-типолошката метода, која нуди можност да се направи соодветен избор на релевантни ознаки.)

4. Родна Величковска, МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО НАРОДНО ПЕЕЊЕ ОД БАЛАДЕН ТИП, *Маска*, Скопје, 2009, 182 стр.

(Резиме: Во оваа книга се прави обид на претставување на баладниот тип на пеење жанрови во македонското традиционално музичко-поетско изразување. Од собраниот материјал можат да се забележат извесни пиодрачја „оази“ со изразит афинитет и љубоморно чување на овој тип на пеење. Најмногу се застапени во пејачките жанрови за време на некои верски празници (Божиќ, Велигден, Ѓурѓовден и др.), а се пеат при жетва и свадба. Според тематиката припаѓаат на групата балади со митолошка содржина, каде што голем број мотиви се изградени врз основа на народните верувања за волшебната моќ на чумите, самовилите и др. Имагинарни суштества.)

5. **Rodna Velickovska**, MUSICAL DIALECTS IN THE MACEDONIAN TRADITIONAL FOLK SINGING - RITUAL SINGING - Author: Rodna Velickovska INSTITUTE OF FOLKLORE „MARKO CEPENKOV“ – SKOPJE МУЗИЧКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО НАРОДНО ПЕЕЊЕ - ОБРЕДНО ПЕЕЊЕ - ... *www.scribd.com/.../ Rodna-Veličkovska-Muzičkite...* 27 април 2011; број на страници 2645.

(Резиме: Во ова електронско издание музичките дијалекти се главен предмет на овие истражувања, со нив се цели да се објасни нивната појава и развој, да се проучат нивните музичко-стилски особености и да се изградат критериуми за нивното разграничување. Освен тоа, сметајќи ги музичките дијалекти како посебна одлика на народната музика, која поседува специфична граматика во различни етнографски области, се наметнува потребата да се откријат дијалектните особености на музичкиот фолклор на еден народ, што подразбира проучување на неговата изворна форма, со цел да се даде појасна слика на музичкиот јазик.)

6. Родна Величковска, МАКЕДОНСКОТО ТРАДИЦИОНАЛНО НАРОДНО ПЕЕЊЕ - Хрестоматија со мелопоетска анализа, *Маска*, Скопје, 2012, 200 стр.

(Резиме: Во ова книга е направен избор на примери со песни и нивното функционално значење во обредите врзани за годишниот и животниот циклус обичаи и на истите е направена мелопоетска анализа). Во секој поединечен пејачки жанр се истакнуваат типични размери на стихови, карактеристични *ритмички* и *мелодиски модели*, доминантни *тонски низи* и *интервали,* како и *мелодиски стереоти*, *„напеви-формули*", *извикувања*, *орнаменти* и друго.

7. Родна Величковска, *Македонско традиционално народно певање (етномузиколошки огледи),* Етнолошка библиотека, Посебна издања, књига 8 Српски генеалошки центар, Београд, 2013, 200 стр.

(Резиме: Книгата е посветена на македонското традиционално народно пеење, која се состои од 16 етномузиколошки есеи, во кои се изнесени резултатите од истражувањата. Предмет на истражувањето е женската пејачка традиција која сѐ уште постои како живо пејачко творештво во Македонија. Меѓу нив посебно места заземаат два труда во кои се зборува за сценската презентација, бидејќи сцената придонесува за негување и популаризација на музичко-фолклорните вредности, односно простор во кој денес се шири кругот на пренесување на традицијата и нејзините цивилизациски вредности).

8. Родна Величковска, *Обредната пејачка традиција во Кратовскиот регион*, Музеј на град Кратово, 2016, 200 стр.

(Резиме: Во оваа книга се претставени обредно-пејачките жанрови во Кратовскиот регион. Резултатите од истражувањето покажаа дека архаичните пластови на кратовскиот обреден фолклор во себе содржат своевидни информациски кодови за почетните стадиуми на појавите во културата. Претставувањето на обредниот фолклор, фолклорните текстови и мелодиката се врзува за аграрно-прозводната магија и култот на предците, разните обреди итн. во кои се сочувани и содржани длабинските етнокултурни својства и карактеристики).

9. Монографија *ТАНЕЦ - Душата на Македонија, Танец, НУ Ансамбл за народни игри и песни „Танец"- Скопје, 2015, 187 стр. во коавторство со Марко Китевски*

(Резиме: Монографијата *ТАНЕЦ - Душата на Македонија е издание по повод 65*-годишнината на НУ Ансамбл за народни игри и песни „Танец"- Скопје. Подготовка на 53 македонски ора на репертоарот на ансамблот „Танец", како и во изборот на бројни фотографии од настапите на „Танец" низ годините).

Статии:

*1.* Родна Величковска Појам регионалног и трансрегионалног у жетварском певању. - Во: „Човек музика дело", Меѓународни симпозиум, професору др. Дрегославу Девићу, Београд, 2003, стр. 223-230.

(Резиме: Во овој труд станува збор за проблемот на регионалното и надрегионалното, односно трансрегионално во жетварското пеење и можноста за препознавање на точните локализации на народно-поетските и етномузиколошките специфики на жетварското пеење во Македонија.)

*2.* Rodna Veličkovska, „Dodole and other Rituals and songs for Imploring Rain", во: *Music & Networking (Музика и умрежавање)*, Београд, 2005, стр. 242-251.

(Резиме: Во трудот станува збор за додолските и другите обреди и песни за повикување на дожд. Врз основа на досегашните истражувања во Македонија забележани се три групи обичаи, врзани за повикување на дожд. Тие потекнуваат уште од паганството, но настанале и како резултат на подоцнежните појави под влијание на христијанството, а тоа се: 1. Додолски обичаи и песни, 2. Песни и обичаи наречени „крсти" и 3. Обичаи и песни за пресретнување или разбивање на градоносни облаци.)

*3.* Родна Величковска**,** Женското обредно пеење во Охридско-струшкиот регион. Во: *Фолклорот во Охридско-струшкиот регион***,** Институт за фолклор „Марко Цепенков", посебни изданија, кн. 63, Скопје. 2006. стр. 143-185).

(Резиме: Во трудот се презентирани обичаите и верувањата во врска со женското обредно пеење, кое ја илустрира сегашната состојба во овој регион кое сѐ уште е живо или до неодамна живеело благодарение на директните контакти, непосредната комуникација и хомогеноста на мали групи изведувачи.)

4. **Rodna Veličkovska,** “The living singing tradition of Saint Lazarus in Macedonia”, *RESEACH OF DANCE AND MUSIC ON THE BALKANS* - International Symposium Brčko, Bosnia and Herzegovina, 6 - 9 Decembre, 2007, International Musicological Society of RS, Banja Luka & Musicological Society FBiH, Sarajevo & Baštinar, Brčko, 2007, pp. 71-88.

(Резиме: Во трудот станува збор за лазарското пеење како дел од живата обредно-пејачка традиција во Македонија. Станува збор за лазарска обредно- пејачка традиција, чија обредност и пеење е задолжитена обврска на девојчињата на поширокото македонско подрачје кое ја илустрира состојбата на теренот денес.)

5. Родна Величковска**,** *„Водичарски обреди и водичарско певање у Македонији”, Зборник радова Дани Владе С. Милошевића*, Бања Лука, 2008, стр. 229-241.

(Резиме: Водичарските празнувања како дел од зимскиот календарски обреден циклус е проследен со обредни женски песни, во кои традиционалната обредност и пеење е карактеристична за многу краеви на Македонија).

6. **Rodna Velickovska**, Public presentation of the traditional harvest custom and singing in the Republic of Macedonia, Second symposium of the ICTM Study Group on Music and Dance in Southestern Europe, Izmir, Turkey, 2011, стр 125-129.

(Резиме: Трудот претставува јавна презентација на традиционалниот жетварски обичај и пеење на фестивалите во Република Македонија.)

7. **Родна Величковска**, Презентирање на русалиските игри на фестивалите во Република Македонија и надвор од неа, Годишен зборник 2011, Универзитет „Гоце Делчев”, Факултет за музичка уметност, година 2, број 2, Штип, 2011, стр.145-149.

(Резиме: Русалиските обредни поворки претставуваат еден поширок културно-историски белег на доселеничките родови од Јужна Македонија, поточно од кукушкиот регион во Струмичко. Целта на овие истражувања е да се претстави КУД „Русалии“ од селото Секирник како наследници и чувари на овие традиционални игри кои се пренесувани со генерации од почетокот до денес.)

Родна Величковска, Ороводните песни и нивната територијална дистрибуција во македонското традиционално обредно-пејачко изразување Yearbook - Faculty of Music Art, Vol. 3, No 1 (2012) стр. 149-154.

(Резиме: Во трудот се претставени ороводните пејачки жанрови и нивната територијална дистрибуција во македонското традиционално обредно-пејачко изразување.).

8. **Rodna Velickovska**, „Areal investigation and typological systematization of the Macedonian traditional ritual folk singing“, in *Musical Practices in the Balkans: Ethnomusicological Perspectives*; proceedings of the International conference held from november 23 to 25, 2011 / editors Dejan Despić, Jelena Jovanović, Danka Lajić-Mihajlović Belgrade : SASA : Institute of Musicology of SASA, 2012: 99–117.

(Резиме: Во трудот станува збор за ареалното истражување и типолошката систематизација во македонското традиционало народно пеење - обредно пеење.)

9. Родна Величковска**,** *„Копачка“- традиционално оро од Пијанечкиот регион*, Семинар за традиционална музика и игра, Зборник на трудови V, Битола, 2013, стр. 29-34.

(Резиме: „Копачката“ е машко соборско народно оро од Пијанечкиот регион, карактеристично за населбите од разбиен тип, почнувајки од Калиманци, па сè до Делчево. Во секоја населба името на орото е исто, но има разлики во чекорите, ритмичките комбинации и во мелодиските линии. Во трудот е претставено традиционалното оро „Копачка“ од с. Драмче, Пијанечкиот регион, кој беше предмет на валоризација како културно добро.)

10. Родна Величковска, Обредната пејачка традиција во Малешевско-пијанечкиот регион, Семинар за традиционална музика и игра, Зборник на трудови V, Битола, 2013, стр. 35-50.

(Резиме: Во трудот станува збор за женското пеење како дел од обредната традиција во Малешевско-пијанечкиот регион.)

11. Родна Величковска, Осврт врз обредно-пејачките жанрови од летниот календарски циклус, *Зборник на трудови* VI, Семинар за традиционална музика и игра, НУ Центар за култура, Битола, 2014, стр. 20-31.

(Резиме: Во трудот се истакнати најрепрезентативните примери од обредната пејачка традиција врзани за летниот календарски циклус: спасовденски, иванденски, додолски, црепнарски и жетварски, проследени со обреди и обредни дејства насочени кон магијата на плодноста која е тесно испреплетена со други видови магија, како што е заштитно-претпазната магија.)

*12.* Родна Величковска, Пејачката традиција во Кривопаланечкиот регион, Славишки зборник бр. 2, Градски музеј, Крива Паланка, 2013 (коавторство со Илчо Јованов).

(Резиме: Во трудот се истакнати обредно-пејачките жанрови, карактеристични за тој регион: водичарски, лазарски, ѓурѓовденски, додолски и свадбарски.)

*13.* Родна Величковска, Жената како стожер на обредната пејачка традиција во Македонија и Србија, *Зборник на трудови, Конзулска Битола и историските, современите и идните култури и уметнички врски меѓу Република Македонија и Република Србија*, Битола, 2014, стр. 335-342.

(Резиме: Во трудот станува збор за компаративна набљудување на жената како стожер на обредната пејачка традиција кај Македонците и Србите).

*14.* Родна Величковска, Македонско-руското традиционално народно пеење во контекст на структурно-типолошките истражувања, *Руско-македонски јазични, литературни и културни врски,* Универзитет „Св Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје, 2014, стр. 355-364.

(Резиме: Во трудот се претставени современите истражувања на еминентни руски етномузиколози, истражувачи на руската традиционална музичка култура. Врз база на нивните истражувања се донесени некои заклучоци дека при ареалните истражувања во областа на етномузикологијата, најперспективна се покажа структурно-типолошката метода.)

*15.* Родна Величковска, Македонското традиционално народно пеење од баладен тип, Зборник на трудови *Културна меморија*, V/1, т. 1, МИ-АН, Скопје, 2014, стр. 117-130.

(Резиме: Станува збор за баладен тип на пеење како дел од културната меморија на Македонците.)

*16.* Родна Величковска, Форми и содржини за презентирање на изворниот фолклор, *Балканската култура низ призмата на фолклористичко-етнолошките истражувања*, Меѓународен симпозиум, 19-20 декември 2014, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје, 2015, стр. 311-318.

(Резиме: Во овој труд се истакнуваат формите и содржините за презентирање на изворниот фолклор во современите социокултурни услови каде што изворниот фолклор, на ниво на локална заедница, на автентичен начин го негуваат фолклорни групи преку настапите на фестивалите низ Републиката.

*17.* Родна Величковска, Картографирањето како метода за означување на музичко-дијалектната граница во македонското традиционално народно пеење (Обредно пеење), *Балканскиот фолклор како интеркултурен код II*, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје, Instytut filologii slovanskiej uniwersytetu im. Adama Mickiewicza w Poznaniu, Скопје-Познањ, 2015, стр. 43-64.

(Резиме: Во овој труд предмет на истражување е картографирањето како метода за означување на музичко-дијалектната граница во македонското традиционално народно пеење).

Родна Величковска, Значењето на современите медиуми во собирањето и проучувањето на македонските традиционални пејачки форми по примерот на видеозаписот „Свадбарски обичаи во Осоговието", *Култура*, год. V, бр. 12, Скопје, 2015, стр.179-187; https://journals.cultcenter.net/index.php/culture/article/view/194

(Резиме: Во овој труд посебно се истакнува улогата на видеозаписот „Свадбарски обичаи во Осоговието", кој од една страна ја чува усната народна творба од заборав, а од друга ја одзема нејзината темелна вредност, односно усното пренесување од генерација на генерација.)

*18.* Родна Величковска, Обредната пејачка традиција во Кумановско, *Македонски фолклор*, година XXXVII, број 70, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје, 2015, стр. 41-56.

(Резиме: Предмет на истражување во овој труд се обредно-пејачките жанрови, кои претставуваат сведоштво за една богата музичко-фолклорна традиција која се негувала во блиското минатото, а добар дел од обредно-пејачките жанрови сè уште егзистираат на теренот и се изведуваат во традиционален манир.

*19.* Родна Величковска, Специфика на музичкиот фолклор, *Зборник на трудови* VII, Семинар за традиционална музика и игра, НУ Центар за култура, Битола, 2015, стр. 9-17.

(Резиме: Во трудот се истакнати тези врзани за специфика на музичкиот фолклор, како: *усност*, *варијантност*, *колективност*, *полистадијалност* и *музичко-фолклорна традиција*, набљудувана преку најрепрезентативните примери од македонската обредно-пејачка традиција.)

Родна Величковска, Културна соработка меѓу Русија и Македонија изразена преку запознавање на културните вредности на обредно-пејачките жанрови, *First International Scientific Conference FILKO - PHILOLOGY, CULTURE AND EDUCATION,* Штип, 2016 http://js.ugd.edu.mk/index.php/fe, стр. 101-111.

(Резиме: Во овој труд е претставена културната соработка меѓу Русија и Македонија во областа на етномузикологијата, изразена преку запознавање на културните вредности на обредно-пејачките жанрови со ороводен карактер.)

*20.* *Родна Величковска*, Обрядовое пение в день святого Георгия в Македонии, *Вопросы этномуыкознания*, № 2/15, Научное переодическое издание, Российская академия музыки имени Гнесиных, Москва, 2016, стр. 91-107.

(Резиме: Во овој труд се изнесени резултатите при истражувањата за празнувањата на Ѓурѓовден за обредите, обредни практики и ѓурѓовденското пеење во Македонија.)

*21.* Родна Величковска, Традиционалното народно пеење во областа Порече, *Македонски фолклор*, година XXXVIII, број 71, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 2015, стр. 245-262.

(Резиме: Во овие истражувања се прави мелопоетска анализа на обредно-пејачките жанрови. При анализата на мелопоетските типови за секој обредно-пејачки жанр се добива јасна слика дека тие припаѓаат на македонското традиционално пеење, карактеристично за западниот музичко-фолклорен ареал. Во секој пример од наведените песни се истакнуваат карактеристични ритмички и мелодиски типови со типични видови на стихови, доминантни тонски низи и мелодиски стереотипи, „напеви-формули“, извикувања, орнаменти и сл.)

*22.* Родна Величковска, Ороводната пејачка традиција во Кратовскиот регион, *Зборник на трудови VIII*, НУ Центар за култура, Битола, 2016, стр. 8-16.

(Резиме: Во овој труд предмет на истражување е ороводната пејачка традиција во Кратовскиот регион, како дел од обреднопејачките жанрови, врзани за календарскиот циклус обичаи, а се дел и од свадбениот обреден комплекс. Нивните основни генетски фунции се јавуваат условени од музичкиот ритам и моториката на кореографските движења.)

*23.* Родна Величковска, Структурно-композициските законитости во македонското традиционално народно, *Зборник на трудови* IX, Семинар за традиционална музика и игра, НУ Центар за култура, Битола, 2017, стр. 15-29.

(Резиме: Во овие истражувања се прави анализа врз примери од жетварското пеење во Македонија, која се покажала како една од многу битните оперативни можности на проникнување во суштината на пеењето. Позначајните елементи при градењето на песните, а кои директно влијаат врз формата и структурата на пеењето се: *метричката структура на стихот*, *видовите рефрени и нивната функција*, *метроритмичките карактеристики*, *мелопоетските форми*, *каденците и нивната функција во песните*, *структурата на двогласот* изразена преку *бордунскиот тип на пеење*, *тонските низи и извикувањата* како изразни средства).

*24.* Родна Величковска, Музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење, *Зборник на трудови од научниот собир на тема „Јазикот наш денешен - јазикот наш насушен“,* Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Јазикот наш денешен, кн. 27, Скопје, 2016, стр.177-194.

(Резиме: Во трудот изнесени се резултатите од истражувањата. Според најопштите показатели, музичките дијалекти во македонското традиционално пеење - обредното пеење - се поделени во три основни групи: *западна*, *југоисточна* и *северна* група, со 13 поддијалектни типови, кои, исто така, според најопштите показатели на македонското традиционално (обредно) пеење, се распределени по региони и регионални групи што го сочинуваат македонскиот музичко-дијалектен ареал.)

*25.* Родна Величковска, Рефрените и нивната функција во обредната пејачка традиција кај Србите и Македонците, *Зборник на трудови од Меѓународен научен симпозиум на тема „Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија“*, Конзулат на Република Србија во Република Македонија – Битола, 2016, стр. 135-150.

(Резиме: Во трудот е истакната улогата и функцијата на рефрените при градбата на песните во обредната пејачка традиција кај Србите и Македонците.)

*26.* Родна Величковска, Картографирование как метод определения границ музыкальных диалектов в македонском обрядовом народном пении *(http://js.ugd.edu.mk/index.php/PAL/about) Меѓународното научно списание „Палимпсест“*, год. II, бр. 3, УГД „Гоце Делчев, Штип, 2017.

(Резиме: Во трудот се истакнува картографирањето како метода на ареалните истражувања и определување на музичко-дијалектните граници во македонското обредно пеење.)

*27.* Родна Величковска, „Ситни Стојно ситничанко“ како инспирација за проучување на ороводната пејачка традиција во пограничјето на Македонија и Бугарија, *Проекции на културните традиции: България – Македония*, издателство БАН, „Проф. Марин Дринов“, София, 2017, стр. 231-242.

(Резиме: Во рамките на овој труд споредбено се разгледува ороводната пејачка традиција во малешевско-пијанечкиот регион како погранична зона меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со посебен осврт на ороводната песна „Ситни Стојне ситничарно“. Целта на овој труд е да укаже на потребата за трагање по мелопоетските варијанти на ороводната песна „Ситни Стојне ситничарко“, распространета во Малешевско-пијанечкиот регион како лимитрофна зона меѓу Македонија и Бугарија, која ја сочувала својата изворна форма, а воедно да укажеме на степенот на нивната меѓусебна сличност, како и на некои разлики што постојат меѓу нив.)

*28.* Родна Величковска, Културниот идентитет на женската обредно-пејачка традиција од областа Осоговија, изразена преку варварушкото пеење, *Култура/Culture*, 2014/16, Меѓународно списание за културолошки истражувања, стр.107-114.

(Резиме: Во овој труд *варварушкото* пеење се идентификува како препознатлив и уникатен тип на музицирање и претставува посебниот културен идентитет на женската обредност и обредно-пејачка традиција во областа Осоговија.)

*29.* Родна Величковска, Обредната пејачка традиција во Овчеполскиот регион, *Традиција и современост во Македонија и Србија*, Зборник на трудови, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 2017, стр. 169-192.

(Резиме: Во трудот се изнесени резултатите од истражувањата. При анализата на мелопоетските типови во Овчеполскиот регион и тоа секој жанр посебно се доаѓа до заклучок дека тие припаѓаат на заедничкото македонско традиционално народно пеење, како меѓудијалектно подрачје меѓу северниот и југоисточниот музичко-дијалектен ареал.)

*30.* **Rodna Velickovska**, Istanbul in the Macedonian folk singing, *Македонски фолклор*, година XXXIX, број 72, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје, 2015, стр. 41-56.

(Резиме: Во трудот се истакнуваат песни во кои е опејан градот Истанбул од минатото до денес.)

*31.* Родна Величковска, Македонските партизански песни за НОБ и револуцијата, *Годишен зборник 2017*, година IV, број 4, Универзитет „Гоце Делчев“, Музичка академија, Штип, 2017, стр. 145-156.

(Резиме: Станува збор за музичка и текстуална обработка на македонските партизански песни за НОБ и револуцијата.)

32. Родна Величковска, „Улогата на фестивалите во афирмацијата и зачувувањето на изворната музичко-фолклорна традиција во Македонија и во светот“, *Зборник на трудови* X, Семинар за традиционална музика и игра, НУ Центар за култура, Битола, 2018, стр. 14-20.

(Резиме: Насловот на трудот укажува на фактот дека улогата на фестивалите е да ја афирмираат и зачувуваат изворната музичко-фолклорна традиција во Македонија и во светот. Тие претставуваат културно средиште каде што се откриваат таленти за одредени области од народната уметност, реализирајќи ги своите уметнички потенцијали како изведувачи-носители на традиционалната култура.)

**Учество на меѓународни конференции**
**Во земјава:**

Учество на симпозиумот „Конзулска Битола и историските, современите и идните културни и уметнички врски меѓу Република Македонија и Република Србија“, што се одржа во Битола, во септември 2014 година со тема „Жената како стожер на обредната пејачка традиција во Македонија и Србија“;

1. Учество на Семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на 40. Републички фестивал за народни песни и игри „Илинденски денови“, Битола, јули/август 2014 г., со предавање и вежби под наслов „Осврт врз обредно-пејачките жанрови од летниот календарски циклус“.
2. Учество на трибина на фестивалот за народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“, Долнени, Прилеп, 2015 година, со предавање под наслов „Улогата на Фестивалот ‘Пеце Атанасовски’ во афирмацијата и зачувувањето на изворната музичко-фолклорна традиција во Македонија и светот“.
3. Учество на семинар во рамките на 41. Републички фестивал за народни песни и инструменти „Пеце Атанасовски“, Долнени, 2015. На семинарот се изучуваа обредни песни од Пијанечкиот регион, па поради тоа неопходно беше да се одржи предавање на тема „Обредната пејачка традиција во Малешевско-пијанечки регион“.
4. Учество на Семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на 41. Републички фестивал за народни песни и игри „Илинденски денови“, Битола, јули/август 2015, со предавање и вежби под наслов „Специфика на музичкиот фолклор“;
5. Учество на Третата годишна меѓународна конференција на ЦККС 2015 „Идентитет и култура” што се одржа од 3 до 5 септември 2015 година на тема „Културниот идентитет на женската обредно-пејачка традиција од областа Осоговија, изразена преку варварушкото пеење“.
6. Учество на XVIII Меѓународен симпозиум за балкански фолклор „Теорија и емпирија: Институционализирана фолклористика и етнологија во Македонија и на Балканот“, што се одржа на 20-21 ноември 2015 година во Скопје, во организација на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, на тема „Традиционалното пеење во областа Порече“.
7. Учество на симпозиумот „ Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија“, што се одржа во Битола, 30-31 октомври 2015 г., со реферат „Рефрените и нивната функција во обредната пејачка традиција кај Србите и Македонците“.
8. Учество на XX Меѓународна научна конференција „Денови на Благоја Корубин“ *Јазикот наш денешен - јазикот наш насушен,* во организација на Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков, одржан на 14 – 15 април 2016 година во Скопје, со реферат „Музичките дијалекти во македонското традиционално народно пеење“.
9. Во организација на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Македонија) и Воронешкиот државен универзитет (Русија) на 18 и 19 март 2016 година учествува на Првата меѓународна конференција „ФИЛКО“ со реферат на тема Културна соработка меѓу Русија и Македонија изразена преку запознавање на културните вредности на обредно-пејачки жанрови.
10. Учество на Семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на 41. Републички фестивал за народни песни и игри „Илинденски денови“, Битола, јули/

август 2016 г., со предавање и вежби под наслов „Ороводната пејачка традиција во кратовскиот регион“.

11. Во 2017 година заедно со Драгица Паниќ-Кашански учествува на *Меѓународен научен симпозиум на тема „Афирмација, продлабочување и проширување на вековните културни врски меѓу Р. Македонија и Р. Србија“*, Конзулат на Република Србија во Република Македонија – Битола, со тема „Бордунскиот тип на пеење во музичката традиција на Македонците и Србите“.
12. Учество на Семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на 41. Републички фестивал за народни песни и игри „Илинденски денови“, Битола, јули/август 2017 година, со предавање и вежби под наслов „Структурно-композициските законитости во македонското традиционално народно пеење“.
13. На 12-13[и] октомври 2017 година учествува на Научниот собир „Ретроспективи и перспективи на македонската етнологија и фолклористика“ во организација на Македонското етнолошко друштво и ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, со реферат под наслов „Улогата на жената во македонската традиционална обредно-пејачка култура“.
14. Учество на Меѓународната научната конференција „Минатото на јазичниот свет – денес и утре“, во организација на Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, од 15 до 17 ноември во 2017 година, со тема „Функцијата на текстот во женските обредни поворки врз примери од лазарските песни во Македонија“ кореферат со Катерина Петровска-Кузманова.
15. Учество на XIX Меѓународен симпозиум за балкански фолклор „Традиција и современост во фолклорот на балканските народи“, што се одржа на 24-25 ноември 2017 година во Скопје, во организација на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје, на тема „Типолошка систематизација на обредните пејачки жанрови во Полошкиот регион“.
16. Учество на семинар во Кичево со тема обредните пејачки жанрови во Кичевскиот регион во 2016 и 2017 година.
17. Учество на Семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на 46. Републички фестивал за народни песни и игри „Илинденски денови“, Битола, јули/август 2018 г., со предавање и вежби под наслов „Структурно-композициските законитости во македонското традиционално народно“.
18. Учество на Семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на 47. Републички фестивал за народни песни и игри „Илинденски денови“, Битола, јули/август 2018 г., со предавање и вежби под наслов „Структурно-композициските законитости во македонското традиционално народно“.
19. Учество на Семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на 48. Републички фестивал за народни песни и игри „Илинденски денови“, Битола, јули/август 2018 г., со предавање и вежби под наслов „Улогата на фестивалите во афирмацијата и зачувувањето на изворната музичко-фолклорна традиција во Македонија и во светот“.

**Во странство**:

Учество на меѓународната конференција ГИППИУСОВСКИЕ ЧТЕНИЯ, РЕГИОНАЛЬНЫЕ ИССЛЕДОВАНИЯ В МУЗЫКАЛЬНОЙ ФОЛЬКЛОРИСТИКЕ (Гипиусови читања, Регионални проучувања на музичкиот фолклор), во организација на РОССИЙСКАЯ АКАДЕМИЯ МУЗЫКИ ИМЕНИ ГНЕСИНЫХ (Руската академија за музика насловена Гнесини) што се одржа во Москва од 21до 23 март, 2015 со тема: „Картографирование как метод определения границ музыкальных диалектов в македонском обрядовом народном пении“.

Терениски истражувања во Бугарија преку Проектот МАНУ - „Современи проекции на културните традиции во европска перспектива: етнолошки, фолклористички и етномузиколошки аспекти“, раководител на проектот д-р Танас Вражиновски.

Од 29 сентября по 2 октября 2016 година во Санкт-Петербуршкиот државен конзерваториј именуван како Н. А. Римского-Корсакова се одржа Меѓународната научна

конференција «Традиции народной песенной, инструментальной и хореографической културы **в современном мире: проблемы изучения, сохранения, преемственности»,** учествува со предавање на тема „Жатвеное пение в Македонии“.

Во истиот период држи и мастер класа по традиционално пеење на тема „Обрядовая певческая традиция в районе Овче Поле“.

Учество на Меѓународната етномузиколошка конференција „Гиппиусовские чтения – 2017: Музыкальные культуры народов России и Восточной Европы сквозь призму типологических исследований“, што се одржа во Москва од 23 до 25 март 2017 г. со тема „Обрядовая певческая традиция в районе Пиянец: музыкальная типология“.

**Останати активности:**

*1.* Водела мастер класа за народно пеење на Студентската конференција The IV Scientific and Practical Conference of students and graduate students „Ethnomusicology: history, theory, practice”, што се одржа од 16 до 20 мај 2015 година, во Санкт Петербург, Русија, каде што во рамките на мастер класа одржува предавање на тема „Обрядовая певческая традиция в районе Пиянец“.

*2.* Во 2015 година во рамките на VII Меѓународен фолклорен фестивалот „В славном граде Варонеже“ држела предавање на Катедрата по етномузикологија при Државниот институт за уметности во Воронеж (Воронежский государственный институт искусств, Руска Федерација) на тема „Обредната пејачка традиција во Македонија“.

*3.* Во 2016 година во рамките на Меѓународната научна конференција **„**Традиции народной песенной, инструментальной и хореографической культуры **в современном мире: проблемы изучения, сохранения, преемственности“,** држи мастер класа по традиционално пеење на тема „Обрядовая певческая традиция в районе Овче Поле“.

*4.* Во 2018 година учествува на IV Меѓународен фестивал-смотра на фолклорни ансамбли и исполнители на традиционална инструментална музика на образовни организации на средно и високо образование „Вселиственный венок“ (Декадентски венец) како член на стручното жири и на Студентската конференција The IV Scientific and Practical Conference of students and graduate students „Ethnomusicology: history, theory, practice”, што се одржа од 13 до 18 мај 2018 година, во Санкт Петербург, Русија, како член на стручното жири. Во рамките на конференцијата имала предавање на тема „Сбадбените обичаи и свадвеботото пеење во Осоговието“. На истата конференција имала креативна лабораторија за развој на традиционални песни и заедно со студентката Тијана Јаневска водела *мастер класа* за традиционалните женски ора во Овчеполието.

*5.* Учествувала на 10. семинар за традиционална музика и игра, одржан во рамките на Републички фестивал за народни песни и игри „Илинденски денови“, Битола и други.

*6.* Има изработено десетина елаборати за валоризација и ревалоризација на културни (фолклорни) добра за потребите на Управата за заштита на културното наследство и Министерството за култура на РМ (Жетварското пеење во Македонија, Лазарското пеење, Водичарско пеење, Ѓурѓовденско пеење, Копачката; Повеќегласното пеење во Долни Полог и др.).

*7.* Член на Советот и селекциона комисија на Републичкиот фестивал за народни песни и инструменти „Пеце Атанасовски“, Долнени, Прилеп и жири-комисија од 2010 до денес;

*8.* Член на Советот на Републичкиот фестивал за народни песни и игри, „Илинденски денови“, Битола од 2007 година и член на стручното жири за 2010 и 2011 и 2012 година до денес;

*9.* Уметнички директор на Републичкиот фестивал за народни песни и инструменти „Пеце Атанасовски“, Долнени, Прилеп од 2015 до денес;

*10.* Член на Редакцискиот одбор на списанието „Македонски фолклор“;

*11.* Член на Програмскиот одбор на Научниот собир Дани Владе С. Милошевића „ТРАДИЦИЈА КАО ИНСПИРАЦИЈА“ од 2016 до денес.

*12.* Раководител на Етномузиколошкиот оддел во Институтот за фолклор.

*13.* Член на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, Скопје.

*14.* Член на Комисијата за оцена и одбрана на магистерскиот труд на Горан Василевски во 2017 година.

Рецензии:

1. Рецензент на кореографската постановка „Пијанец“, презентирана од НУ Ансамбл „Танец“, во 2013 година.
2. Рецензент на кореографската постановка „Кумановка“, презентирана од НУ Ансамбл „Танец“, во 2013 година.
3. Рецензија за монографијата „Непресушен извор“ од Елизабета Митреска по повод 40-годишнината на Фестивалот на народни инструменти и песни „Пеце Атанасовски“ во 2015 година.
4. Рецензент на кореографската постановка „Роненка“, презентирана од НУ Ансамбл „Танец“, во 2015 година. Рецензент на кореографската постановка „Раштак“, презентирана од НУ Ансамбл „Танец“, во 2016 година.
5. Рецензент и промотор на книгата на Горанчо Ангелов „Музичкиот инструмент кемане во Македонија“, во 2014 година.
6. Рецензент и промотор на монографијата „За кочанскиот ориз“ во 2015 година.
7. Промоција на Монографија *ТАНЕЦ -Душата на Македонија, Танец, НУ Ансамбл за народни игри и песни „Танец“- Скопје, 2015* година.
8. Рецензија на монографијата на КУД „Панче Печев Кумано“ во 2016 година.
9. Рецензент на книгата „ОБРЕДНАТА ПЕЈАЧКА ТРАДИЦИЈА КАЈ МАКЕДОНЦИТЕ СО ИСЛАМСКА РЕЛИГИЈА ВО ДОЛНА РЕКА“ на Мелита Ивановска во 2017 година.
10. Рецензент на бројни трудови кои беа објвени во списанието *Македонски фолклор*, број 69, 70, 71 и 72.
11. Рецензент на бројни трудови реферати од зборникот на трудови *„Балканската култура низ призмата фолклористичко-етнолошките истражувања“*.
12. Рецензент на 5 труда од Међународни научни скуп *Традиција као инспирација* Академија умјетности, Универзитет у Бањој Луци за зборникот *Дани Владе С Милошевића*, Бања Лука во 2016 година.
13. Рецензент на 4 труда од Међународни научни скуп *Традиција као инспирација* Академија умјетности, Универзитет у Бањој Луци за зборникот *Дани Владе С Милошевића*, Бања Лука во 2017 година.
14. Промоција на книгата МАКЕДОНСКАТА ПЕСНА НА ДАЛЕЧНИТЕ МЕРИДИЈАНИ СО ЛЕГЕНДИТЕ ВАСКА ИЛИЕВА, НИКОЛА БАДЕВ, АЛЕКСАНДАР САРИЕВСКИ И КОЧО ПЕТРОВСКИ од Роска Бадева во 2016 година.
15. Промоција на две ЦД-а на Ансамблот за народни игри и песни „Танец“ од едицијата насловена како „Незаборав: „Незаборав 1“ и „Незаборав 2“ во 2015 година и „Незаборав 3“ и „Незаборав 4“ во 2016 година.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Монографија или научна книга | 8 | 10 | 1 | 15 | 95 |
| | Дел од монографија или научна книга | 1 | 6 | | | 6 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати со меѓународна редакција) | 10 | 3 | 7 | 6 | 72 |
| | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 15 | 1 | 1 | 2 | 17 |
| | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 9 | 5 | 5 | 6 | 75 |
| | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | 8 |
| | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | 4 |
| | Раководител на научен проект | 1 | 4 | | | 4 |
| | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 2 | | | 6 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 |
| | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 3 | 1 | 1 | 2 | 5 |
| | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 20 | 2 | 9 | 5 | 85 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **379** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 10 | 2 | | | **20** |
| | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) (предавање на семинар и мастер класа во Воронеж, Санкт Петербург, Русија) | 10 | 0.5 | 5 | 1 | **10** |
| | Елаборати и експертизи | 10 | 2 | | | **20** |
| | Шеф на институт | 4 | | | | **4** |
| | Член на институтски орган, комисија | 2 | | | | **2** |
| | Уметнички директор | 4 | | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **60** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **439** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната детално наведена професионална активност на кандидатката д-р Родна Величковска се заклучува дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање наставник во насловно звање насловен вонреден за наставно-научната област етномузикологија на Музичка академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, согласно со Законот за високо образование на Република Македонија и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката, преку остварените досегашни активности, покажа спсобности за развивање на наставно-образовна дејност, како и организациско-развојни дејности.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и ја избере кандидатката д-р Родна Величковска во звање насловен вонреден за наставно-научната област етномузикологија на Музичка академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Владимир Јаневски, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Д-р Гоце Гавриловски, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, редовен професор, член, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЗВАЊЕ ПОЧЕСЕН ДОКТОР ОД ОБЛАСТА НА МУЗИЧКАТА УМЕТНОСТ НА ГОСПОДИН ВАСИЛ ХАЏИМАНОВ**

На редовната 157. седница на универзитетскиот сенат, донесена е Одлука со архивски бр. 0201-238/5 од 28.2.2019 година, за формирање Рецензентска комисија чија задача е изработка на реферат во кој треба да е формулиран заклучок по иницијативата од Музичката академија за доделување титула почесен доктор (doctor honoris causa) од областа на музичката уметност на џез пијанистот Васил Хаџиманов. Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип му ја доделува оваа титула за неговите континуирани врвни достигнувања и особен придонес во областа на џез музиката и едукативниот развој на Универзитетот.

Комисијата во состав:

– проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска – претседател;
– проф. д-р Милица Шкариќ – член;
– проф. м-р Антонијо Китановски – член,

го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Васил Хаџиманов е роден на 23 јуни 1973 година во Белград, Србија. Класичната обука ја започнува на 5-годишна возраст на една од најстарите музички средни училишта во Југоисточна Европа – „Стеван Мокрањац" во Белград кај професорката Љубинка Хаџи-Јованчи. Меѓутоа, неговиот интерес за џезот му овозможува целосна стипендија за да присуствува на кампот за уметности Интерлохен, САД, за две лета по ред и му дал можност да учи и настапува со Милт Џексон, Кертис Фулер и Бајрон Стриплинг, меѓу другите.

Во 1992 година тој престојува во Бостон за да студира пијано на колеџот за музика „Беркли", со стипендија доделена од колеџот. Таму негови ментори по пијано се Реј Сантиси и Ласло Гардони. Дипломира во 1995 година.

Во Бостон има бројни концертни настапи со групата „Свети" (Марко Ѓорѓевиќ и Бато Андонов). Во тоа време членува во афро/џез составот на Паскал Бокар, со кого заминува на турнеја низ САД.

Во септември 1996 година Хаџиманов се сели во Њујорк, каде што продолжува да соработува со некои од најдобрите млади музичари од светската џез сцена. Во тоа време работи и како музички програмер и композитор во студиото „Томаманда": продукција на филмска музика за „Убивајќи ја Зое", „Родени убијци", аудио продукција за Лу Рид, Леонард Коен, Лори Андерсон и др.

По една година тој одлучува да се врати во Белград и да го заврши она што го започнал со својот состав „Васил Хаџиманов бенд". Пристапува кон реализација на неговите идеи за мешање на балканските традиционални народни ритми и мелодии со западните, современи музички стилови (џез, фанк, светска музика...). Опремен со искуства и знаења го усовршува својот потполно автентичен и нов пристап кон фузијата на традиционалното и џез музиката.

Во изминативе дваесет години Васил Хаџиманов континуирано настапува на престижни концертни сцени и џез-фестивали ширум Европа и Азија со забележителен успех.

Од 2011 година Хаџиманов предава пијано на Одделот за џез студии на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Творештво**

Подолу хронолошки се наведени авторските изданија на Васил Хаџиманов:

- 2019 - „Lines in sand“ , MoonJune Records, САД;
- 2017 – „Live at Kolarac” , Васила Хаџиманов/Бојан З;
- 2016 – „Alive“, MoonJune Records, САД;
- Васил Хаџиманов, 25 години творештво, Здружение за светска музика на Србија;
- 2013 – „Can you dig it?“, за музички етикети Zmex (CD) и OverJazz Records, Германија;
- 2011 – „El Raval“ , СЏФ Рекордс, Македонија;
- 2009 – „Живота ми” , ПГП РТС, Србија;
- 2007 - „3” , ПГП РТС, Србија;
- 2003 – „Кафанки” , ПГП РТС, Србија;
- 2001 - „11 Разлога за...” , ПГП РТС, Србија.

Васил Хаџиманов како гостин солист се наоѓа на многубројни изданија, но и ја делел сцената со: Matt Garrison, Antonio Sanchez, George Garzone, David Gilmore, David Binney, Reuben Rogers, Trilok Gurtu, Adam Deutch, Donny McCaslin, Tivon Pennicott, Rodney Holmes, Chris Cheek, Danny Sadownick, Nigel Kennedy, Helge Andreas Norbaken, Finn Gutorsmen, Fausto Bacalossi, Rhani Krija, Bojan Z, Бисера Велетанлиќ, Зафир Хаџиманов, Сенка Велетанлиќ, Бранкица Васиќ Василиса, Тони Китановски, Душко Гојковић, Јован Павловиќ и „Бенгало”, Bato the Yugo, Стефан Миленковиќ, Влатко Стефановски, Ayib Dieng, Paskal Bokar, “Ultranate”, Leroy Jenkins, Oscar Salas, Izzet Kizzil, Самир Куртов, Која (Дисциплина кичме), Бојан З, Душан Јевтовиќ, Рамбо Амадеус, Партибрејкерси, Sky Wikluh, Darkwood Dub, Vojin Draskoci, Stjepko Gut, Лазар Тошиќ, Дадо Топиќ, Елвис Станиќ, Rosen Zahariev, Hüsnü Şenlendirici, Газменд Бериша...

Автор е на музиката за филмовите:

- 2013 – „Отворена врата“, Р. Андриќ;
- 2011 – „Сестри“, Г. Паскаљевиќ;
- 2006 – „Работа на срцето“, М. Алексиќ;
- 2005 – „Кошаркари“, Д. Зечевиќ;
- 2004 – „Кога ќе пораснам ќе бидам кенгур“, Р. Андриќ;
- 2002 – „Белград, да се замине или остане“, Г. Паскаљевиќ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Опусот на џез пијанистот и композитор Васил Хаџиманов е обемен и докажан на интернационалната сцена. Тој е уметник од врвен ранг, а своите знаења и искуства со извонредни резултати ги пренесува на студентите на нашиот Универзитет веќе осум години. Од широката палета на стилови и жанрови кои ја означуваат неговата професионална уметничка кариера би споменале дека е еден од малкумината најзначајни претставници на спојот помеѓу џезот и традиционалната музика на Балканот, со особен интерес насочен кон македонската музичка традиција.

Големи се честа и задоволството на Рецензентската комисија да препорача доделување на титулата *почесен доктор (doctor honoris causa)* на господинот Васил Хаџиманов од страна на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Стефанија Лешкова - Зеленковска – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Милица Шкариќ – член, с.р.**
**Проф. м-р Антонијо Китановски – член, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ТУРИСТИЧКА ПОЛИТИКА” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-74/7 од 13.2.2019 г. од 198. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 13.2.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Никола Димитров, редовен професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;
- д-р Милен Талеска, вонреден професор на Природно-математички факултет, Институт за географија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Туристичка политика” од авторот вон. проф. д-р Дејан Методијески, на Факултетот за туризам и бизнис логистика, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Извештајот на рецензијата ги содржи следниве податоци.

**Општи податоци за ракописот:** Овој учебник е од областа на туризмот и угостителството. Учебникот се состои од вовед, четири поглавја и користена литература, што е во согласност со Наставниот план и програмата на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот Туристичка политика, за којшто е наменет учебникот, е задолжителен предмет на насоката Гастрономија и исхрана, носи 6 кредити и се слуша во втора година, четврти семестар, со неделен фонт на часови 2+2+1. На насоката Туризам е задолжителен предмет, носи 8 кредити и се слуша во втора година, четврти семестар со неделен фонт на часови 3+2+2. Учебникот ќе претставува основна литература во изучување на предметната програма од горенаведената наставна дисциплина. Материјалот во ракопис за учебник е изложен концизно, прегледно, со 35 табели и 22 слики, со што ќе биде лесно разбирлив и совладлив од страна на студентите за кои е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот има вкупно 162 страници и е предаден за рецензија, среден во А4 формат, со фонт Arial. Обемот на ракописот „Туристичка политика” по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Краток опис на содржината:** Ракописот „Туристичка политика” опфаќа четири поглавја во кои се опфатени основните сознанија за туристичката политика.

Овој учебник има за цел да понуди сублимирање на литературата и концептите за туристичката политика и запознавање на студентите со можноста тие концепти на најуспешен начин да се применат во областа на туризмот и угостителството во Македонија. Во разработката на учебникот е користена соодветна литература од познати автори и институции од областа на туристичката политика, туризмот и угостителството, како и интернетот како извор на податоци.

Првиот дел, кој е насловен „Состојби и влијанија на туризмот“, опфаќа материја поврзана со состојбите и перспективите за развој на туризмот во меѓународни рамки. Направен е осврт на тенденциите и влијанијата на туризмот и неговото значење во современото живеење.

Вториот дел ја опфаќа организацијата на туристичката политика како активност која го следи развојот на туризмот. Направено е дефинирање на туристичката политика и обработени се различни модели на туристичката политика преку примери и практики од странство и е споделено искуството на развиените туристички земји од областа на туризмот. Исто така, во овој дел се прави осврт на стратегиите за развој на туризмот, начинот на нивно креирање и имплементирање.

Третиот дел ги содржи меѓународните искуства поврзани со туристичката политика, каде што преку примери на меѓународни организации се прикажува нивното влијание кон туризмот, нивното функционирање и активности поврзани со креирање на политиките за развој на меѓународниот туризам. Во овој дел се обработуваат светските организации поврзани со туризмот, континентални организации поврзани со туризмот и националните туристички организации.

Четвртиот дел е посветен на туристичката политика во Македонија. Овој дел го опфаќа истражувањето во кое се содржат податоци за моменталната состојба и начинот на креирањето на туристичката политика и законската регулатива на институционално, регионално и локално ниво, како и улогата на невладиниот сектор, образовните институции во развојот на туризмот и угостителството во земјата.

На крајот од ракописот е дадена користената литература, каде што се наведени сите наслови, цитирани во материјалот, предмет на овој учебник.

## ЗАКЛУЧОК

Според гореизнесеното, рецензентите констатираа дека поднесениот ракопис „Туристичка политика" од вон. проф. д-р Дејан Методијески опфаќа научни, стручни и наставни содржини според наставната програма за овој предмет. Материјалот е квалитетно обработен и систематизиран, а ракописот е напишан на јасно разбирлив стил и на ниво достапно и разбирливо за студентите.

Учебникот ќе придонесе студентите на поедноставен начин да ја совладаат оваа значајна материја од областа на туризмот и угостителството, која е целосно во согласност со наставната програма на соодветната дисциплина што се слуша на насоките Гастрономија и исхрана и Туризам.

Со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да го прифати позитивно рецензираниот ракопис „Туристичка политика", поднесен од вон. проф. д-р Дејан Методијески, како основен учебник за предметот Туристичка политика и да одобри негово користење според Правилникот за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Никола Димитров, редовен професор, с.р.**
**Д-р Милена Талеска, вонреден професор, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРОСТОРНИ КОНЦЕПТИ ВО КУЛТУРАТА” ОД ВОНР. ПРОФ. Д-Р ПЕТАР НАМИЧЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1702-53/11 од 18.2.2019 г., на 1. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на ден 13.2.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– вон. проф. Катерина Деспот, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– вон. проф. Васка Сандева, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ПРОСТОРНИ КОНЦЕПТИ ВО КУЛТУРАТА” од авторот вон. проф. д-р Петар Намичев, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот на учебникот е **„ПРОСТОРНИ КОНЦЕПТИ ВО КУЛТУРАТА”**, а предметот е со наслов Просторни концепти во културата, наменет за IV семестар, како задолжителен предмет, со неделен фонд на часови 2+2+1. Материјалот опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма за предметот Просторни концепти во културата и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 247 страници, на А4 формат, со десет тематски поглавја и содржи 288 слики. Обемот на ракописот ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис со ист или сличен наслов досега не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во трудот опфаќа 247 страници, поделен во десет целини, каде што се опфатени сите просторни концепти на објекти од областа на културата.

Во првата глава се презентира развојот на просторите кои биле во функција на изложување на скулптури и предмети, во периодите на развојот на историјата на архитектурата од античкиот период до денес. Презентирани се простори кои имале првична намена за прикажување на одредени вредни дела од уметноста, презентирани преку одредени примери на цртежи и илустрации. Прегледот во понатамошниот развој ги опфаќа периодите на антиката, средновековниот период, ренесансниот период, периодот на барок, индустриската револуција и модерниот пристап на музејските институции во периодот на 20 век, па сѐ до денес. Притоа постепено се презентираат фундаменталните просторни елементи во развојот на музејските простори, кои се развивале според општествените и културните потреби на населението. Опфатени се просторните елементи на музејските простори, групирани според значењето и типот на институцијата. Во презентацијата се опфатени стандардите за обликување на просторниот концепт на објектите, со акцент на ентериерното обликување и дизајнот на специјализираните простори. Посебен акцент е даден на елементите на примена на боја, типот на осветлување и изборот на материјалите во внатрешното обликување на просторот.

Во второто поглавје се опфатени карактеристиките на функционирањето на просториите на галерии, кои имаат слична но поедноставна функционална структура во однос на музејските институции. Просторната структура опфаќа најчесто преадаптација или историски објекти, кои овозможуваат услови за автентичен простор за поставување на вредни уметнички збирки. Притоа се наведени стандардите за презентирање на предметите во изложбените сали, како и елементите на примена на боја, светло и материјали во дизајнирањето на внатрешниот простор.

Во третото поглавје се опфатени културните центри или културните домови, кои имаат специфична мултифункционална концепција. Во просторниот концепт се презентирани витални простори, концертна сала, кино, изложбени простори, простори за вежбање, мали сали, работилници и сл.

Во четвртото поглавје се презентирани светските изложбени манифестации од типот на ЕКСПО, кои претставуваат монументални и комплексни изложбени простори, од национален карактер, каде што се презентираат најзначајните технолошки и научни достигнувања во светски рамки.

Во петтото поглавје се опфатени отворени изложбени простори кои имаат слободна форма, со примена на одреден тематски сегмент, кој може да има мобилен конструктивен и просторен концепт.

Театарските просторни концепти се презентирани во шестото поглавје, со историски преглед на развојот на основните театарски простори, кои се развивале во периодот од ренесансата до модерните технолошки објекти на модерното време. Притоа се опфатени стандардите при проектирањето на комплексниот систем на функционирање, со виталните и помошните простории, типологијата во однос на формата во основа на градбите, дизајнот на ентериерот во однос на акустичките нормативи, изборот на материјали, бои и дизајн на внатрешното уредување на објектите.

Во седмото поглавје се опфатени концертни сали кои имаат специфични нормативи за музички изведби со слични стандарди на театарските објекти, но со посебен акцент на акустиката на просторот за оркестарот и сцената.

Кината претставуваат актуелни просторни концепти, како дел од осмото поглавје, каде што се применуваат одредени стандарди за гледалиштето, кај различните типови на сали за проекции кои зависат од обемот на гледачи.

Во деветтото поглавје се опфатени просторните форми на мултиплекс комплексите на киносали, кои имаат специфична функционална организација, приспособена на современите урбани потреби на метрополите.

Библиотеките се претставени со сите комплексни содржини на објект кој ја третира издавачката дејност, односно третманот на книгата во сите нивоа на чување, заштита, презентација и користење на библиотечниот фонд во една сложена функционална просторна концепција. Притоа се опфатени стандарди за димензионирање на мебел, осветлување, примена на боја и дизајнирање на ентериерот на библиотеките од различни категории.

Од презентираниот материјал може да се заклучи дека се наведени сите стандарди во обликувањето на различните просторни концепти од областа на културата, нивниот развој и елементи во дизајнерското обликување на ентериерот.

На крајот од ракописот, авторот наведува 15 наслови на литература кои се користени при пишување на ракописот.

**ЗАКЛУЧОК**

Според гореизнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот со наслов „ПРОСТОРНИ КОНЦЕПТИ ВО КУЛТУРАТА”, пријавен од авторот вон. проф. д-р Петар Намичев, е напишан според програмската содржина на предметот за којшто е наменет, ги задоволува критериумите за објавување според обемот кој е застапен за одреден период и ќе им биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да го прифати рецензираниот ракопис за учебник со наслов „Просторни концепти во културата”, пријавен од авторот вон. проф. д-р Петар Намичев и истиот да го одобри за користење како учебно помагало рецензиран учебник, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Катерина Деспот, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Васка Сандева, вонреден професор, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ПРАКТИКУМОТ СО НАСЛОВ „НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА” ОД ДОЦ. Д-Р ЕМИЛИЈА МИТЕВА-КАЦАРСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1202-199/13 од 165. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 13.12.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- доц. д-р Влатко Пачешкоски, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис (практикум) „НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА” од доц. д-р Емилија Митева-Кацарски**,** наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебното помагало – практикум „Надворешна трговија” од доц. д-р Емилија Митева-Кацарски претставува заокружена целина којашто ги анализира емпириските апсекти во надворешната трговија и која студентите ја изучуваат на истоимениот предмет – Надворешна трговија. Практикумот е наменет за изучување на наведениот предмет од страна на студентите од: втора студиска година (трети семестар) на насоката Финансии, каде што предметот Надворешна трговија се јавува како задолжителен, со неделен фонд на часови 2+2+2 и ВО (вкупна оптовареност) од 180 часови, 6 кредити; трета година (петти семестар) на насоката Бизнис економија, каде што предметот е задолжителен, со неделен фонд на часови 2+2+2 и ВО (вкупна оптовареност) од 180 часови, 6 кредити; втора година (трет семестар) на насоката Менаџмент и претприемништво, каде што предметот е изборен, со неделен фонд на часови 2+2+2 и ВО (вкупна оптовареност) од 180 часови, 6 кредити и трета година (шести семестар) на насоката Маркетинг менаџмент, каде што предметот е изборен, со неделен фонд на часови 2+2+2 и ВО (вкупна оптовареност) од 180 часови.

**Податоци за обемот на ракописот:** Практикумот содржи 75 страници, со повеќе табели и практични примери кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа практична проблематика. На последната страница се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на надворешната трговија. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од практичен аспект ќе им овозможи на студентите полесно совладување на материјата како и поврзување на теоретските и методолошките концепти со практиката во надворешната трговија. Нивото и стилот на вежбите во практикумот се приспособени кон знаењата и потребите на студентите од додипломски студии. Секоја тематска единица започнува со краток преглед на содржината

која е разработена во главата која е предмет на таа вежба. Во секоја вежба, поставени се прашања за дискусија кои треба да им овозможат на студентите да проверат дали целосно ја разбрале материјата, како и да ги продлабочат своите сознанија преку дополнителни истражувања и анализи. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во практикумот се одликува со голема практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината:** Содржински, трудот е конципиран во 4 поглавја, кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Во првата глава е направена анализа на импликациите на теориите за меѓународна трговија. Поставените вежби се конципирани во насока на правење на компаративна паралела меѓу различните теоретски правци во развојот на економската мисла.

Предмет на анализа во втората глава се извозните структури на одделните земји со користење на Стандардната меѓународна трговска класификација, глобалните трендови во размената на услугите, бенефитите и трошоците од странските директни инвестиции во технолошко индустриските развојни зони, како и економските придобивки од слободното движење на работната сила.

Третата глава е посветена на анализа на ефектите, како и економските перформанси и трговските индикатори на одделните регионални економски интеграции, трговските импликации од БРЕГЗИТ, улогата на СТО во глобалната трговија, како и резултатите од одржаните министерски конференции во рамките на СТО. Вежбите во оваа глава се заокружени со анализа на бенефитот на РМ од членството во СТО.

Во четвртата глава е направена компаративна паралела на слободната трговија и протекционизмот, анализа на економските аргументи за употреба на царините (аргументи „за" и аргументи „против"), како и примената на реторзионите царини во трговската војна меѓу САД и Кина. Посебен акцент во оваа глава е ставен на анализа на студии на случај во врска со примената на  нецаринските бариери како најважен регулативен инструмент на трговската политика на многу земји, посебно на големите и развиени економии.

Преку ваквиот начин на обработка на проблематиката поврзана со надворешната трговија, сметаме дека е постигната главната цел на авторката – да им помогне на студентите да ги разберат и продлабочат своите сознанија во врска со основните карактеристики на современите економски текови во меѓународната размена, новите правила на кои претпочива мултилатералниот трговски систем, како и важноста на инструментите на надворешнотрговската политика.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебното помагало - практикум „НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА" од доц. д-р Емилија Митева-Кацарски претставува материја која содржи емпириска анализа на надворешната трговија. Авторката направила успешна анализа на конкретни студии на случај поврзани со меѓународната трговија, со цел да ја доближи предметната материја до студентите и да им помогне да ги продлабочат своите сознанија во врска со практичните импликации на теориите за меѓународна трговија, глобалните трендови во размената на стоките, услугите, капиталот и работната сила, ефектите од процесот на регионално и мултилатерално економско интегрирање, како и влијанието на протекционизмот во реалниот трговски свет. Се надеваме дека на овој начин, преку изучување на оваа проблематика студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Штип да му предложиме учебното помагало (практикум) со наслов „Надворешна трговија" од доц. д-р Емилија Митева-Кацарски да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Весна Георгиева-Свртинов, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Влатко Пачешкоски, доцент, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО СУДСКА МЕДИЦИНА” ОД НАСЛОВЕН ДОЦ. Д-Р НАТАША ДАВЧЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на член 110 од Законот за високо образование, а во согласност со одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-284/18 од 215. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 20.12.2018 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Светлана Јовевска, вонреден професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– доц. д-р Џенгис Јашар, насловен доцент, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за практикум „Практикум по судска медицина” од доц. д-р Наташа Давчева, насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, наменет за студентите на прв циклус студии, студиска програма Општа медицина, со фонд на часови 2+1+1, по предметот Судска медицина, како и студентите на прв циклус студии, студиска програма Дентална медицина, по предметот Форензична стоматологија, со фонд на часови 2+1+1, на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**: Ракописот „Практикум по судска медицина“ од авторката доц. д-р Наташа Давчева е наменет за прв циклус студии на студентите на студиските програми Општа медицина и Дентална медицина, по предметот Судска медицина за студентите на Општа медицина, односно предметот Форензична стоматологија (изборен предмет) за студентите на Дентална медицина. Според обемот и содржината на ракописот, практикумот ги задоволува критериумите и е во согласност со наставните програми на прв циклус студии - Општа медицина и Дентална медицина.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на 90 страници, А4 формат, поделен на 12 содржински целини односно поглавја: преглед на умрен и потврда за смрт; судско-медицинска аутопсија; специфични судско-медицински аутопсии; новороденче; специфична обдукција при интоксикација; колекција и складирање на биолошки материјал за лабораториска анализа; идентификација; форензична криминалистика – експертиза на траги од биолошко потекло; огнострелни повреди; клиничка форензична медицина; квалификација на телесни повреди; како и лекарско уверение. По секое поглавје се наоѓа дел каде што се подвлечени односно истакнати најважните поенти на поглавјето, како и дел со прашања и задачи за кои е предвидено студентот да ги изработи заедно со асистентот во текот на практичните вежби. Според обемот и содржината на ракописот, задоволени се критериумите од Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** До моментот на издавање на овој практикум не е издаден практикум по судска медицина во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Краток опис на содржината:** Првите 6 поглавја во практикумот се посветени на областа форензична патологија, односно работата со кадавери и изведувањето на судско-

медицинските аутоспии. Во поглавјето *Преглед на умрен и потврда за смрт* е опишано сето она кое треба да го знае дипломираниот доктор на медицина кога ќе се соочи со смрт на пациент во и вон хоспитални услови, како и условите при кои издава потврда за смрт. Во поглавјето *Судско-медицинска аутопсија* е дадена дефиниција на аутопсијата, воопшто, како и карактеристиките, индикациите, целите и постапката на изведување на судско-медицинската аутопсија. Следат поглавјата каде што се опишани спецификите на т.н. *Специфични судско-медицински аутопсии*, меѓу кои аутопсијата на новороденче и аутопсија при смрт настаната од интоксикација, како и поглавјето *Колекција и складирање на биолошки материјал за лабораториска анализа*. Во продолжение следат три поглавја од областа на *Форензичната криминалистика* и *Идентификација*, кои заедно со поглавјето *Огнострелни повреди* ја заокружуваат втората целина во Практикумот која е наменета на експертиза на траги од биолошко потекло. Последните две поглавја во практикумот се од областа на клиничка форензична медицина, односно проценка на здравствената состојба на живи лица, така што во поглавјето *Клиничка форензична медицина* е опишана постапката на вршење на преглед при сексуалните деликти, а во поглавјето *Лекарско уверение* и *Квалификација на телесни повреди* детално е опишана постапката на преглед при телесни повреди, описот на повредите, како и квалификувањето на тежината на повредите во согласност со позитивните законски одредби на нашата држава.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот „Практикум по судска медицина" од доц. д-р Наташа Давчева е наменет за прв циклус студии, студиска програма Општа медицина и студиска програма Дентална медицина (изборен предмет), на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, по предметот Судска медицина односно Форензична стоматологија. Во ова учебно помагало целосно се опфатени содржините кои се предвидени да ги совлада студентот во практичниот дел од наставата по предметот Судска медицина односно Дентална медицина (изборен предмет). Во практикумот се застапени латински термини кои мора да ги совлада дипломираниот доктор со цел правилно оформување на медицинските дијагнози. Со овој практикум студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" имаат можност да ја изучуваат судско-медицинската наука на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за практикум, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на ФМН при УГД – Штип ракописот „Практикум по судска медицина" од доц. д-р Наташа Давчева да биде издаден како практикум за практична настава за студентите на прв циклус студии, студиска програма Општа медицина и студиска програма Дентална медицина (изборен предмет) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Светлана Јовевска, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Џенгис Јашар, насловен доцент, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Филолошки факултет** | | | | |
| 1 | Усвојувањето на зборoредот од страна на македонските изучувачи на англискиот јазик и улогата на јазичниот трансфер | 1902-51/9 од 26.2.2019 г. | Проф. д-р Марија Кусевска | Ана Митева |
| **Факултет за медицински науки** | | | | |
| 2 | Молекуларни, клеточни и биохемиски биомаркери како предиктори за цитотоксичност во организмот | 2002/41/21 од 23.1.2018 г. | Проф. д-р Невенка Величкова | Марина Натева |
| 3 | Значење на хепатални ензими како биомаркери при биомониторинг на животните навики кај пациенти со дислипидемија | 2002/41/30 од 23.1.2018 г. | Проф. д-р Невенка Величкова | Слаѓана Стојановска |
| 4 | Улога и задача на патронажната сестра и работа со трудница пред и после породување | 2002/41/31 од 23.1.2018 г. | Проф. д-р Гордана Панова | Катерина Крстевска |